Универзитет Св „Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Институт за педагогија

## Последипломски студии по
## Менаџмент во образованието

## Магистерски труд

# Реформи во задолжителното образование во Македонија и Европа

Ментор

Проф.д-р Зоран Велковски

Кандидат

Габриела Стојановска

Скопје, 2012

## СОДРЖИНА:

**Вовед**……………………………………………………………………5

**Теоретски пристап кон проблемот на истражување**

**I. Задолжително образование во Европа;**

1.. Што е задолжително образование……………………………………6

2. Кои се трендовите во задолжителното образование……………………6

3. Цели на задолжителното образование…………………………………8

4. Начин на воведување на задолжителното образование………………10

5. Траење на задолжителното образование и негова внатрешна организација……………………………………………………………19

6. Развој на концептот во задолжителното образование…………………24

**II. Задолжително образование во Република Македонија;**

1.Историски преглед на задолжителното образование……………………35

2. Организација и управување……………………………………………43

3. Планирање на наставата………………………………………………44

3.1. Задолжителни предмети……………………………………45

3.2. Изборни предмети…………………………………………47

3.3. Дополнителна настава……………………………………48

3.4. Додатна настава……………………………………………48

4.Поврзаност на предучилишното образование со основното……………48

4.1 Основно образование………………………………………49

4.2 Средно образование…………………………………………51

5 Децентрализација во образованието……………………………………53

6. Финансирање на образованието…………………………………………54

7.Меѓународна соработка во образованието………………………………58

8.Поддршка на реформите во образованието………………………………59

9.Наставниот кадар и задолжителното образование………………………64

10. Комуникација, соработка и координација меѓу различни субјекти и нивоа........71
11.Динамика на воведување на деветогодишното основно образование....74
12. Пазар на трудот и образованието........77
13. Искуство од практиката (мое лично искуство)........79
**III. Методологија на истражување**........80
1. Предмет на истражување........80
2. Значење на истражувањето........80
3. Основни поими содржани во предметот на истражување........81
4. Цел и задачи на истражувањето........81
5. Хипотези на истражувањето........82
6. Варијабли на истражувањето........82
7. Методи,техники и инструменти на истражувањето........83
8. Примерок........84
9. Организација и тек на истражувањето........85
10. Обработка на податоци........85

**IV. Анализа и интерпретација на резултатите**........86

1. Осврт кон поставените хипотези........106

**V. Заклучок**........109

**Користена литература**........111

**Прилози**........113

## ВОВЕД

Република Македонија како демократско општество напорно работи, за да обезбеди образование за сите. Тоа значи рамноправен пристап во образованието и здобивање општа и професионална култура потребна за работа и живот во демократското општество.

Република Македонија е во период на економска транзиција и тешкотиите кои произлегуваат од неа се карактеризираат со граѓански и политички конфликти, затоа образованието треба да се стави на повисоката скала во развитокот на едно демократско општество. Само така ќе имаме развој на демократијата и граѓанското општество и дефинирање на местата на Р.Македонија во глобалните интегративни процеси.

Целта на ова истражување е да се даде приказ на развојот на задолжителното образование во Република Македонија и во другите развојни земји.

„Во Уставот на Република Македонија во член 44 одредено е дека основното образование е задолжително и бесплатно"[1]. Со новиот закон за средно образование и средното образование е задолжително и бесплатно. Промените во образованието мора да ги следат границите на солидарноста и социјалната правда.

„Република Македонија зафатена со процесите на транзиција се обидува да го дизајнира образовниот систем во согласност со современите светски тенденции. Ваквите настојувања се во постојан судир со надворешните и внатрешните предизвици кои доминантно го детерминираат системот на образование и ги одредуваат правците на неговиот натамошен развој."[2]

Реформите се потребни да се преземат, за да се направи образованието конзистентно со општествениот систем што се гради и за да се стави во функција

[1] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование ,( 2007),Скопје:Биро за развој на образованието стр 10

[2] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-1015, (2004),Скопје: Министерство за образование и наука стр 6

на постигнување поголема компатибилност на Македонија со европските стандарди.

# Теоретски пристап кон проблемот на истражување

## 1.Што е задолжително образование

Задолжителното образование е образование кое задолжително мора да се посетува.Во секоја земја задолжителното образование различно трае во зависност од образовната политика.

Во нашата држава  задолжително образование е основното и средното образование. Доколку не се посетува уредно училиштето од страна на децата има соодветни законски санкции кои се спроведуваат како резултат на отсуство од училиште.

## 2..Кои се трендовите во задолжителното образование

Општ тренд во светот е должината на задолжителното образование, како најизразена форма на одговорност на државата во сферата на образованието постојано да се зголемува. Во минатото задолжителното образование завршуваше на крајот на основното или пониското ниво на средно образование.

Денес има тенденција задолжителното образование да го зафаќа и целиот средношколски степен. Поради тоа, во поразвиените земји во светот задолжителното образование може да се сретне со 9,10,12, па и повеќегодишно траење .

Во светот не постои единствен модел на задолжително образование ниту единствен модел на училиште со кои во потполност ќе се задоволат потребите на населението и државата, но тоа и не е возможно.

Во образовниот систем во Европа постои разноликост, некаде изнесува 8 некаде 12 или 13 години. При промена на образовниот систем треба да се внимава на трендовите во земјите во светот (европските) и економската моќ на земјата и сл.

Задолжителното образование се зголемува насекаде во светот ,односно се настојува се повеќе деца да бидат вклучени во задолжителното образование ,бидејќи со тоа се подобрува образовната структура на населението во државата, а со тоа се подобрува и животот во државата воопшто.

Преку системите за образование и наука се популаризираат следните трендови , со универзално значење за сите земји во светот;

- „рамноправен пристап до образованието за сите,
- зголемување на опфатот и квалитетот на грижата во раното детство,
- универзален пристап до базичното образование ,
- намалување на стапката на неписменост,
- експанзија на базичното образование и обука во другите суштински вештини кои се бараат од младите,
- зголемување на можностите за образовен избор,
- подготовка на младите за предизвиците на информациското општество, (ИКТ во наставата ,интернет и сл.)
- стручна обука на младите за динамичните промени во сферата на трудот и животот,
- дефинирање на квалификациски стандарди (сертификати дипломи)како би се овозможило поголема работна мобилност на наставниците и учениците во земјата и во странство,
- потреба традиционалното образование во текот на животот да отстапи место на доживотното учење"[3]

[3] Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Р.Македонија стр 15

Значи државите во светот за да ги задоволат овие трендови треба да инвестираат во ;

- „животната средина и инфраструктурата
- човечките ресурси
- знаењето и вештините
- физички продуктивните капацитети“[4]

Во нашата држава сите овие трендови се вклучуваат во образовниот процес онолку колку ни овозможуваат условите. Посебно се обрнува внимание за грижата и сеопфатот на децата во раното детство. Се настојува сите деца да бидат вклучени и се применуваат строги мерки за не вклучувањето во образовниот систем. Со оваа мерка се настојува да се намали и неписменоста во државата.

Исто така расте и тенденцијата за информатичко описменување затоа во нашите училишта од минатата година е воведена целосна компјутеризација во наставата. Овој современ тренд има позитивни како и негативни карактеристики. Учениците учат како да ја применат компјутерската технологија во образованието, а со тоа се учат рамноправно да вклопат во модерните животни патишта, но и во исто време се одвикнуваат од оној традиционален начин на учење и пишување кој иако е застарен има свои добри страни, а се навикнуваат на готови производи кои им ја овозможува новата информациска технологија.

## 3. ЦЕЛИ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Република Македонија настојува на младите луѓе да им обезбеди образование кое ќе ги негува и унапредува нивните квалитети, ќе ги почитува нивните интереси , склоности, и ќе им понуди можност да направат развој и да се реализираат себеси преку воспитно-образовните процеси.За да се реализира

[4] Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи,(2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Р.Македонија стр 42

правилно образовниот процес мора да се применат одредени цели за кои ќе зборуваме подолу.

Општа цел на образованието и воспитанието е правилен развој на учениците во корелација со нивните индивидуални способности и развој на личност на ученикот кој ќе ги почитува основните права и слободи .

Целите на задолжителното образование и воспитание се:

- „стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за натомошно образование;

- хармоничен, интелектуален, финкционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности;

- развивање на писменоста и оспособување на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонскиот јазик и неговото кирилично писмо;

- развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки;

- воспоставување на меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слобода и права;

- развување свест кај учениците за негување на сопствениот национален и културен идентитет;

- усвојување општи и применливи знаења кои овозможуваат самостојна креативно дејствување во општеството:

- развивање на способноста за истражување, експериментирање и решавање на проблеми;

- развивање на надареноста на учениците во различни области;

- зголемена интеракција меѓу образованието и пазарот на трудот

- усогласување на образовниот систем со европските образовни системи"[5]

Со почитување и исполнување на овие цели ќе добиеме правилно развиен човек спремен да се вклучи во модерното општество и рамноправно да учествува во сите промени .

Владата применува многу стимулативни мерки како бесплатен превоз, сместување, опремување на училиштата се со цел овие реформи да се прифатат позитивно и успешно да се имплементираат.

Бесплатниот превоз и сместувањето се битен фактор за продолжувањето на задолжителното образование. Денес учениците од средно образование имаат бесплатен превоз и сместување во ученичките домови што и претставува големо олеснување на родителите и на учениците .

## 4. НАЧИН НА ВОВЕДУВАЊЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

### * Постапност и обезбедување на соодветни услови

Секоја промена во основното образование што е поврзано со постигањето на подобар успех може да создаде спротивни ефекти доколку однапред не е проверена и не е вреднувана. Од овие причини треба да се залагаме за постапност, односно за воведување само на планирани и добро осмислени примени, што се проверени и остварени во практиката.

[5] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование,(2007), Скопје: Биро за развој на образованието стр 74

Затоа посебно е нагласена границата за подготовките за наставата со подготвување на нов наставен план и програма, како и извршено обезбедување простор, опрема, наставен кадар и негова обука за примена на новата наставна програма.

За успешно применување на новите наставни програми во основното и средното училиште треба критички да се разгледува и прифаќа искуството што го имаат стекнато училиштата и во други земји. Притоа многу значајно е искуството што треба да се користи во однос на поврзувањето на градинките и основните училишта, запишувањето на децата во училиште, начинот на напредување од одделение конпредметна настава, напредувањето на учениците, оценување и вклучување на децата во средното училиште.

При воведувањето на одделни елементи во наставата и другите активности во основното училиште мора да постои јасен и остварлив план за сите чекори што ќе бидат преземани, како и за оценувањата и ефектите од нив во подобрувањето на квалитетот на основното образование и воапитание. За таа цел пред започнувањето на наставата во секое одделение се потребни подготовки, бидејќи нема да биде возможно да започне учебната година ако не се создадат реални услови за тоа:

- „подготовка на основните училишта;
- систем на оценување;
- услови за индивидуални и групни работи во наставата;
- интеграција на децата со посебни образовни потреби;
- подготовка на наставниците;
- организирање превоз на учениците;
- продолжен престој на учениците“[6]

Со продолжувањето на задолжителното образование се појавија многу проблеми како инфраструктурни така и програмски , за да се решат овие

[6] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование ,(2007), Скопје: Биро за развој на образованието стр 122

новонастанати предизвици мора да се исполнат горенаведените услови .Посебно се јавуваат проблеми кога поминуваат учениците од основно кон средно образование сега се запишуваат повеќе ученици, бидејќи средното е задолжително, но сега се нема доволно простор установите да ги примат сите ученици. Важна компонента е и превозот и сместувањето на учениците во домовите .ова се паѓа на товар на Министерството за образование и наука ,односно на државата. Со воведување на средното задолжително образование на учениците мора да им се обезбедат истите услови како на учениците во основно образование .Учениците кои се оддалечени повеќе од 2 км од училиштето Министерството за образование треба да му обезбеди бесплатен превоз.Надоместокот за превоз се врши преку блок –дотации преку општината . Се јавуваат многу недостатоци при превозот на учениците : немање автобуска линија до местото каде живеат учениците ,не се пријавува точниот број на ученици кои патуваат и тука се овозможува да се манипулираат со дадените средства,лошо организиран превоз и сл .Сепак најдобро е тие средства за превоз да се даваат на семејствата на учениците и така правилно ке се распоредуваат .Секој редовен ученик запишан во средно образование може да се смести и бесплатно во ученичките домови.Таму добива бесплатно исхрана и превоз и паричен надомест за пат двапати месечно до дома .Ова го добиваат сите ученици ,а за посиромашните семејства има посебни услови за помош и стимулација (еднократна помош, бесплатни прибори, книги, облека и сл).

Важен услов за остварување на реформите е и зајакнување на капацитетот на училиштата ,како во основното така и во средното образование .Со продолжување на задолжителното образование се јавуваат повеќе ученици посебно во регионалните центри како Куманово, Прилеп, Тетово и сл. Секаде се интервенирало каде што треба се со цел да може да се прифатат учениците .

Друг важен услов што треба да се исполни е и подготовка на наставниците за новите промени во образовниот систем.Значи треба да се организираат семинари и обуки на наставниците ,за да можат да одговорат на новите наставни програми. Покрај факултетското образование кое наставниците го добиваат и е еден од условите за работа како наставник важно е и понатамошното

наобразување или доживотно учење .Се изработуваат многу проекти ,се вршат многу семинари се со една цел добра примена на реформата во образованието .секако и тука има одредени слабости кои претставуваат составен дел на секоја реформа. Наставниците сите не ги прифаќаат овие промени во образованието и затоа немаат голем интерес да ги посетуваат семинарите, а со тоа се пречка за реализирање на некои задачи.

**∗ Одговорност за квалитетот на образованието**

Заедничка одговорност за квалитетот на образованието имаат сите директни и индиректни учебници во наставниот и образовниот процес. За таа цел се налага потреба за воспоставување :

- постојана соработка меѓу сите членови на учелишниот колектив;
- соработка на локално ниво со формирање функционални локални тимови;
- постојана соработка солокалната и пошироката општествена заедница:

За квалитетот на образованието придонесуваат сите други заинтересирани чинители за образованието:

- родителите;
- локалната заедница;
- стручните асоцијации;
- радиото;
- телевизијата и другите медиуми;

Со учество со наставниците, родителите и локалната заедница во програмирањето на работата на училиштето треба да се подобри квалитетот на образованието.

## * Развивање систем за следење на квалитетот на образованието

Основното и средното воспитание и образование е засновано на стандарди и системско проценување на неговиот квалитет.

За таа цел составен дел на наставните програми за деветогодишното основно училиште и средното училиште се очекуваните резултати со кои се одредува и квалитетот на образованието. Затоа во секое училиште треба јасно да се дефинира потребата за редовно вреднување на квалитетот на работата на училиштето. За успешно дефинирање на редовното вреднување на работата на училиштето, бирото за развој на образованието ќе утврдува национални критериуми и индикатори за квалитет.

Системот за следење и оценување на знаењата на училиште се развива со редовно следење во текот на наставата со усни и писмени проверки и други видови знаења, воведување стандардни тестови на знаење, со оспособување на наставниците и учениците за самовреднување, како и со самовреднување на учениците. Многу битно во целите реформи е да се развијат постапките и методите за екстерно вреднување во основното образование.

Образовните резултати на учениците и наставниците се јасни и операционализирани со наставните програми по наставни предмети,одделенија и развојни периоди во деветогодишното основно образование. Тие се однесуваат на знаења , вештини, ставови и морални вредности на учениците.

Образовните стандарди се однесуваат и на сите други релевантни компоненти и системи на основното и средното образование. истовремено со стандардите се предвидени показатели за нивото на постигнатите стандарди. показателите се усогласени со реалните услови во системот на основното и средното образование. Значи дека за деветогодишното основно и средно училиште ќе се утврдуваат:

- „стандардите за квалитетни услови (материјално, технички, просторни услови и др);

- стандарди за квалитетот на наставниот процес и ефикасно водење на училиштето:
- стандарди за успешен наставник"[7]

### * Поврзување и интегрирање на наставните програми

Образованието и воспитанието во основното деветогодишно училиште треба да прераснува во процес на освојување знаење и развивање, вистини, ставови и вредности кај учениците. Оваа квалитативна промена може да се постигне со постојана грижа за планирање, организирање и систематско вреднување на постигнувањата во наставата и учењето.

За таа цел неопходно е наставниот процес да биде заснован и на интегрирање на наставните програми, нивно хоризонтално и вертикално поврзување, како и со поврзување во поширока целина со развивање на интегриран колегиум.

Со наставата и другите активности во училиштето нужно е да се обезбеди поврзување и примена на знаењето, разработка на содржините од сродни наставни предмети и области.

„Интегрирањето и поврзувањето меѓу наставните програми се овозможува според целите и очекуваните резултати по одделни предмети и области во наставата и учењето.

Како што рековме погоре наставните програми треба да бидат интегрирани хоризонтално и вертикално и правилно да се поврзуваат.со новиот план и програма, така да учениците не почувствуваат голема промена со премин од основно во средно задолжително образование. Новите програми за средно образование даваат основа во училиштето да заживеат разновидните активности на учениците. Големо внимание се посветува на организирање на задолжителните содржини и активности, како и на задолжителните изборни

[7] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование ,(2007), Скопје: Биро за развој на образованието стр 124

програми од областа на спортот,ликовната и музичката уметност." [8]Со воведување на средното образование како задолжително се подразбира дека целиот систем треба да се усогласи и при тоа мора да се почитуваат основните принципи : последователност,функционалност, демократичност и сл. Затоа треба да се изгради целосен модел на задолжително образование каде основното и средното образование треба добро да се интегрираат како два потсистеми и добро да функционираат. Задолжителното образование треба да овозможи голем избор на програми каде само ученикот треба да избере што ќе учи ,секако според неговите квалитети и амбиции. Правото на избор е основниот принцип кои мора да биде застапен во задолжителното образование во нашата земја

Постојат четири модели на задолжително образование кои учениците може да ги изберат во зависност од можностите и амбициите.

Модел 1 : 3+ 3+3 +1 или 6+3+1

Ученикот со завршување на основното образование има можност со една година средно образование да го заокружи своето образование, односно со една година ќе добие стручна квалификација

Модел 1 на задолжително образование




[8] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование,(2007),Скопје: Биро за развој на образованието стр 125

Модел 2 : 3+3+3+2 или 6+3+2




Модел 2 на задолжително образование

Ученикот го исполнува условот за задолжително средно образование со завршување на две години стручно оспособување и со тоа стекнува стручна кфалификација ,за да може да конкурира на пазарот на труд.

Модел 3 : 3+3+3+3 или 6+3+3




Модел 3 на задолжително образование

Ученикот го исполнува условот за задолжително средно образование со завршување на стручно образование за занимања со траење од три години и стекнување на стручна квалификација .

Модел 4 : 3+3+3+4 или 6+3+4




Модел 4 на задолжително образование

Ученикот го исполнува условот за завршување на задолжително средно образование со завршување на четири години гимназиско образование или четири години средно техничко образование. На крајот се стекнуваат со диплома за завршено гимназиско образование или стручна квалификација од средно техничко образование.

Доколку учениците немаат можност да продолжат или немаат капацитет тие може да се определат за нижото средно образование кое е една година и со тоа се стекнуваат со некои занаетчиски квалификации. Ова може да се организира во основните училишта, работничките универзитети, средните училишта и сл. Учениците ќе завршат средно задолжително образование најрано со полни 15 години.

## 5. ТРАЕЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И НЕГОВАТА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Со продолжување на задолжителното образование (средното станува задолжително). Република Македонија уште еднаш ја потврдува својата цел за активно учество во европските интегративни процеси. Развојот на нашата држава ќе зависи од знаењето и квалитетот на луѓето што живеат во неа.

Задолжителното образование е образование кое со закон е загарантирано, значи да се школуваат сите ученици без разлика на религијата, полот и др. Државата покрај тоа што ги интегрира учениците во средното задолжително образование има и одредена обврсна, односно да обезбеди услови за безбедно и безгрижно школување. При поврзувањето на основното и средното образование треба посебно да се внимава, а се со цел учениците тоа да го прифатат како нормален образовен процес кои на крајот ќерезултира со добри резултати.

Како главна причина за зголемување на задолжителното образование се глобализациските процеси и брзите промени во секое поле. Се зголемува образовното ниво во глобала во целиот свет. Должината на задолжителното образование се зголемува насекаде во светот како најизразена форма на одговорност на државата .

„Покрај наведената глобална тенденција за зголемување на образованието ,како причина за зголемување на задолжителното образование во нашата земја може да се наведат следните: лошата образовна структура на населението,малиот опфат на ученици,висок степен на осипување на учениците во редовните степени на образование и потребата од зајакнување на компетенциите за работна и социјална инклузија на населението"[9]. Најголем проблем претставува опфатот на учениците во годината пред поаѓање на училиште. Многу малку деца посетувале забавишта и затоа поаѓаат во училиште со многу мали предзнаења. Тоа се потоа се рефлектира со слаб успех, осипување или апстиненција од понатамошното образование и слаб упис во средно образование. Оваа појава врши голем притисок на пазарот на труд од лица кои

[9] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 ,(2004), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија стр 20

поседуваат основно образование и немаат квалификациии така се зголемува бројот на невработени .

За да се спречат овие појави Министерството за образование и наука на Р.Македонија и Владата воведоа деветгодишно основно образование и сега учениците поаѓаат порано во училиште и се стекнуваат со предзнаење ,за да може целосно да се интегрираат во образовниот процес. Порано околу 80% од децата беа опфатени во годината пред поаѓање на училиште (забавиште),а сега 100% од учениците одат во прво одделение .

Со зголемување на задолжителното образование се очекува дека : ќе се подобри образовната структура на населението, ќе се зајакне базичното образование, ќе се олесни преминот во средно образование, ќе се зголемат можностите за професионална ориентација ,подобро ќе се искористат образовните капацитети во руралните капацитети и сл .

Вкупното осипување на ученици најмногу се рефлектира со преминот од основно кон средно образование околу 17 %. Најмалку осипување има кај македонската популација, а најмногу кај Ромите .

Во Република Македонија последниве години многу се вложува да се намали осипувањето на ученици во основното и во средното образование. За жал и покрај преземените мерки изразени преку вметнување на казнени одредби во законот, подобрување на инфраструктурните капацитети, осовременување на наставата со нови образовни методи, нова модерна техника, професионално усовршување на наставниот кадар трендот на осипување и натаму продолжува. Ваквиот тренд продуцира индивидуи без квалификации и со тоа се отежнува нивната интеграција во општеството.

-***Искуства во Република Македонија***

„Според Законот за основно образование во Република Македонија од учебната 2005/06 во подготвителната година на основното училиште се запишуваат деца кои до крајот на календарската година ќе наполнат шест години.

Така на возраста на децата во подготвителната година се движи меѓу 5 години и осум месеци и 6 години и седум месеци."[10]

Значи со член 1, член 22 и чин 73 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование ,,Службен весник на РМ,, бр. 63/04 основното образование трае девет години.

Деветгодишното задолжително образование се одвива во три периода со траење од по три години 3+3+3. По завршувањето на основното образование , учениците имаат право да се запишат во средно образование.

Средното образование до скоро не беше задолжително, но со законот од ,,Службен весник" на РМ бр. 44/95 средното образование станува задолжително. Во Република Македонија се остваруваат следните видови средно образование:

- гимназиско образование;
- стручно образование;
- средно - уметничко образование;
- средно образование за ученици со посебни образовни потреби;

Учениците имаат право да изберат да се запишат на која струка сакаат, и во кое училиште сакаат. Значи задолжителното образование се одвива од 6 год до 18 год.

***- Искуство во Европа***

„Во повеќе европски и други развиени држави во задолжителното образование децата се вклучуваат на возраст од пет и шест години, додека во северна Ирска, Луксембург, Норвешка, Холандија, Англија и во некои други земји и со навршени пет и шест години.

Во развиените држави внатрешната организација на задолжителното образование е различно во зависност од целокупната структура на училишните системи, вклучувајќи ги и предучилишното воспитание, основното образование како и нижото и вишото средно образование".[11]

Општ тренд во светот е должината на задолжителното образование, како најизразена форма на одговорност на државата во сферата на образованието,

[10] Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование,(2007),Скопје:Биро за развој на образованието стр 13

[11] Гоцевски,Т. (2006),Образованието во Европската унија ,Македонска ризница: Куманово стр 33

постојано да се зголемува. Ако во минатото горниот лимит на задолжителното образование беше ппставен на крајот на основното, и понискoто ниво на средното образование, денес тој има тенденција да зафати дел или целокупниот повисок средношколски систем. Поради тоа во развиените земји во светот задолжителното образование може да се сретне со .9,10,12 па и повеќегодишно траење.

Во светот не постои едноставен модел на задолжително образование ниту единствен модел на училиште со кои во потполност ќе се задоволат потребите на населението и државата. Всушност тоа и не е возможно . Според структурната поставеност на задолжителното образование во образовните системи во Европа постои разноликост. Така, некаде тоа изнесува 8, некаде 12 или 13 години. Некаде задолжителното образованиее ппделно 3+3+3, некаде 4+4, некаде 6+3 или 3+6, некаде на 5+4, а некаде 6+4.

Денес во земјите на Европа задолжителното образование започнува воглавно меѓу 5 и 6 години на возраст на децата, додека во некои земји започнува со 7 - годишна возраст (Финска). Така на пример задолжителното образование трае во :

**- *Белгија***

Крајот на задолжителното образование е продолжено до возраст на 16 години на учениците кои не ја завршиле првата фаза на нивното средно образование;

**- *Чешка република, Украина и Словачка***

Паралелно со едно-структурниот систем кој завршува на 14 или 15 год. во зависност од земјата, учениците можат да бидат примени во нижо средно училиште на возраст од 10 или 11 год.

**- *Германија***

Редовното задолжително образование трае меѓу 9 и 10 години, во зависност од тоа за која покраина (Land) се работи.

**- *Естонија***

Задолжителното образование трае се додека учениците не завршат базично образование т.е. не го заокружат задолжителното образование со квалификација (на 16 год) или 17 год.

**- *Холандија***

Во зависност од посетуваното училиште, нижото средно образование завршува на возраст од 15 (VWO,HAVO) или 16 год. (MAVO, VBO и VMBO). Задолжителното образование завршува на крајот на учебната година во која ученикот полни 16 год и завршил повторно на 12 год. задолжително образование.

**- *Романија***

Започнувајќи од 2003/04, учениците завршуваат и задолжително и нижо средно образование на возраст од 16 год.

"Од ова анализа може да се заклучи дека не постои униформност во поставеноста на задолжителното образование . Постојат униформни принципи и правила во поставеноста, како што се:

- квалитетот;
- мобилност на учениците и наставниците;
- стандарди;
- застапеност на европските вредности во образовниот процес;
- примена ина ИТ технологијата;
- образование на далечина и сл.„[12]

„Во европските образовни системи постојат три различни организациски модели, во зависност дали земјите имаат *единствена структура, задолжително интегрирано средно образование* (заедничко јадро)или *дистанктивни видови на образование.*"[13]

[12] Програма за имплементација на задолжителното средно образование,(2008), Скопје: Влада на Република Македонија стр 7

[13] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование ,(2007), Скопје: Биро за развој на образованието стр 139

| Држава | Возраст кога започнува и траење на задолжителното образование | Должина на задолжителното образование во години |
|---|---|---|
| **Словенија** | 6 - 14 | 9 |
| **Италија** | 6 - 14 | 9 |
| **Португалија** | 6 - 14 / 15 | 8 / 9 |
| **Шпанија** | 6 - 14 / 16 | 8 / 10 |
| **Данска** | 7 - 16 | 9 |
| **Грција** | 5,5 - 14,5 | 9 |
| **Белгија** | 6 - 15 / 16 | 9 / 10 |
| **Германија** | 6 - 15 / 16 | 9 / 10 |
| **Франција** | 6 - 16 | 10 |
| **Луксембург** | 4 - 15 | 11 |
| **Холандија** | 5 - 16 | 11 |
| **Англија** | 5 - 16 | 11 |
| **Швајцарија** | 7 - 16 | 9 |
| **Австрија** | 6 - 15 | 9 |
| **Хрватска** | 7 - 15 | 8 |
| **Шведска** | 7 - 16 | 9 |

## 6.Развој на концептот на задолжителното образование

Глобализацијата се манифестира во културата, политиката, економијата во екологијата и др. Научниот и техничкиот прогрес , посебно во комуникациската индустрија промовираат интернационална соработка, но исто така го засили и интернационалното натпреварување. Со цел брзо да се одговори на предизвиците на овој нов поредок, додека ги подобруваа нивните социо-економски стандарди, европските земји го признаа знаењето, како најголем вреден извор за подобрување на економскиот раст. Зголемената примена и дистрибуција на знаењето во сите негови форми нуди економски и културен просперитет. Знаењето е водечка сила за личниот и професионалниот развој. Луѓе кои се здобиле со квалитетно знаење не само што го атимулираат економскиот и техничкиот напредок, туку тие имаат и голема лична сатисфакција и се задоволни со своите потреби.

Сето се собира за потребите од Upskill на работна сила за да се обезбеди постојан развој на знаењето и да се интнзивираат економиите кои се повеќе се

потпираат врз знаењето. Оваа надградба се смета за еден отворен процес, кој почнува со солидно основно образование и продолжува со доживотно учење.

Знаењето рапидно се зголемува и го следи темпото на технолошкиот прогрес. Релевантните факти и знаења може побрзо да се пренесе со помош на новите информации и комуникациската технлогија. (ИКТ) Во исто време, веројатноста некој да остане на иста работа, во ист економски сектор или во платена работа во текот на целиот работен стаж е многу мала .

Соочувајќи се со проширувањето на ЕУ стареењето на населението, зголемувањето на популацијата, комплексни кариери доаѓа до високо ниво на невработеност и голем ризик од социјално исклучување. Европските земји почнаа одблизу да ги разгледуваат тие клучни компетенции (надлежности) кои ќе им бидат потребни на возрасните во иднината. Работите што ќе се превземаат не треба да бидат ограничени само на дефинирање и утврдување на потребните вештини. Мора точно да се определи колку и каде тие надлежности треба да се изучуваат и да се осигуриме дека сите граѓани ќе имаат пристап на оваа настава .

Европските земји се многу загрижени како да ги идентификуваат знаењето, вештината, способностите и ставовите кои ќе им овозможат на своите граѓани да играат активна улога во новото општество. Напорите за да се утврдат основните атрибути и потреби за ефективно да учествуваат во политички, економски, социјални и културни активности се превземаат на национално и меѓународно ниво. Посебен фокус на оваа дебата е врската меѓу економијата и задолжителното образование.

Ефективноста во подготовките на младите луѓе за успешна економска и социјална интеграција се повеќе се доведува во прашање.

Клучните капацитети или надлежности се премногу силно фокусирани на работното место кои не се доволни за успешен личен правилен живот. Затоа членките на ЕУ се согласија за унапредување на економскиот раст и стабилност заедно со висок степен на вработување, но исто така се заложуваат и за јакнење на социјалната кохезија. Во согласност со првата стратешка цел тие иницирале ,,Европска стратегија за вработување и бараат да се развие високо образовна квалификувана работна сила, која како резултат на своите професионални и

географски мобилности се прилагодува на економските промени. Има работници со ниски образовни достигнувања (помалку од средно образование) кои се најсложени во овој тип на опкружување. Кај оваа група има висок степен на невработеност, додека во исто време има најниска ставка на учество во обука за возрасни.

Втора голема загриженост е влијанието на клучните надлежности врз социјалната и економската правда. Дисбалансирањето стекнување на клучните надлежности главно се сметаат за главни причини за социјална побуна и има разлика во приходите кои водат кон маргинализација и на крај водат до социјално исклучување.

Ако европските земји сакаат да го развијат целосно потенцијалот на нивните човечки ресурси, тие не смеат да си дозволат населението да се подели на богати и сиромашни. Ова исто така укажува дека има потреба во општеството да се промовираат квалитетот, ефикасноста, разновидноста и правото на избор кои ја подржуваат социјалната правда, солидарност и толеранција.Овие две барања се рефлектирани и во некои човечки особини промовирани како надлежности, како самоувереност, преземање ризик, иницијатива од една страна и тимската работа, солидарноста, дијалогот и активното граѓанство од друга страна."[14]

**Идентификација на клучните компетенции**

По утврдувањето на клучните компетенции кои се потребни на луѓето за да водат одговорен и успешен живот, следниот чекор е да ги идентификуваме индивидуалните способниости, кои всушност го исполнуваат овој услов. Првиот критериум за селекција е дека клучните надлежности мора да бидат потенцијално корисни за сите членови во општеството. Тие мора да бидат релевантни за целата популација, без оглед на поимот, класата, раса, култура или мајчин јазик.

Втор тие мора да бидат усогласени со етичките, економските и културните вредности на општеството. Следниот фактор е контексниот во кој клучните компетенции треба да се променат.

[14]www.eurydice.org

Најголем дел од возрасните во одредено време се работници, ученици, родители, учесници во голем број на политички, културни или слободни активности. Предизвик е да се направат сите граѓани функционални припадници на тие различни заедници. Одамна е донесен општ консензус во Европа дека владеењето на читањето, пишувањето и аритметиката е неопходно, но недоволен предуслов за успешен живот. Овие вистини може да се сметаат како лансирачка рампа за идните учења, но тие се само дел од таа област на клучни компетенција која обично се нарекува писменост и математика.

Во извештајот на Конкретните идни цели на образованието и системот за обука (Европска комисија) се наведува дека ,,Обезбедување на сите граѓани да се постигне оперативно ниво на писменост и математика е суштински предуслов за квалитетно учење. Овие се клуч за понатамошно учење и вработување.
Неуспех е да се развие низок степен на писменост и се смета за главна пречка за социјално и економска интеграција. На пазарот на трудот , ниската писменост, ја плати својата казна и затоа има повисок степен на невработеност.

Во IALS извештајот (ОЕЦД 2000) се забележува силна поврзаност помеѓу писменоста на една земја и нејзините економски перформанси: колку е поголем процентот на писмени луѓе толку поголем бруто домашниот производ

Математичката писменост се користи за да се укаже на можноста на практична примена на математиката, а не само да се совлада во рамките на наставниот план.

Една група на компетенциии кои привлекоа големо внимание во последниве години се генеричките вештини исто така познати како независна или трансферзални надлежности. Тие не се обврзани за било која специфична дисциплина но може да се примени на цел спектар на области. Истакнати генерички вештини се комуникацијата, решавање проблеми, лидерство, креативност, мотивираност, тимска работа и способност за учење.

Затоа во последните годинисе појавува голем број на интерес за доживотно учење. Во услови на големи економски, политички и социјални промени граѓаните треба да ги обноват и надградат нивните основни познавања и компетенции во согласност со нивните барања. Се претпоставува дека нивното знаење застарува

и затоа треба правилно да се замени со ново знаење. Ова значи дека тие се способни да ги идентификуваат соодветните места на учење и се доволно мотивирани да инвестираат потребно време и напор во продолжување на учењето. Самоиницијативност во сите фази од животот станува основа за личен и професионален напредок. Во овој контекст особено внимание е насочено кон критичката улога на мегакомунитивните надлежности, капацитетот да се разберат и контролираат мисли и на процесите на учење. Ова надлежност ги прави луѓето свесни за тоа како и зошто се стекнуваат, обработуваат и меморираат различни видови на знаења.На овој начин, тие се во позиција да изберат метода за учење и околината која најмогу и одговара. .

Во образовен контекст, ставовите се најтесно поврзани со личните надлежности како куриозитет, мотивираност, креативност, скептицизам, чесност, самодоверба, сигурност, одговорност, иницијативност и упорност.

Општествените и интерперсонални компетенции и нивната улога во олеснување на личните економски и социјални интеграции и се барани во многу образовни истражувања. Имаат големо значење за ефективното учество во секоја заедница, особено во мултикултурата и мултијазичната средина како што е Европска унија.

Во денешните доминантни стопанства, ваквите вештини се важна мерка за вработување. Тие се однесуваат на капацитетот на развитокот и одржување на личните персонални односи преку ефективна комуникација, тимска работа, јазични вештини и свеста и почитување на други култури и традиции. Високо ниво на социјалнакомпетентност е од дополнителна сила за промоција на личните надлежности како самодоверба, мотивација, упорност и иницијатива.

Сепак понатаму големо значење има во ИКТ и во странските јазици. Во зависност од намената тие се наменети да служат, надлежности во тие полиња се класифицирани како академски, технички, генерички или социјални надлежности. Со напредок во телекомуникациите и микропроцесор технологијата се интензивираат и изменуваат начините на кои луѓето комуницираат.

ИКТ донесе вистинска револуција во бизнисот, јавноста, администрацијата и образованието. Големината на економските и социјалните последици направи

универзален пристап до компјутерите и интернетот како врвн преоритет. Со маса на информации достапни на интернет. изборот и администрирањето на релевантните податоци се смета за клучна компетентност. Компјутерската писменост, значи конструктивна и кратка примена на ИКТ е клуч за успешно учество во информатичкото општество.

„Владеењето на ИКТ служи како катализатор за писменост, математика и многу други предмети врз основа на надлежностите . Познавањето на специфичноста на текст пораката, електронска пошта и разговори на интернет е социјална компетентност за било кој сајбер корисник. Незнаењето на ИКТ во некои делови од населеното место може да предизвика сериозни репрекусии за социјална кохезија преку поделба на информатичко - сиромашно или информатичко богато.

Надлежностите за странски јазици одамна е признат како неопходен економски и социјален ресурс во рамките на културното и јазичното богатство во Европа и пошироко. Надлежностите за странските јазици не е ограничено само на техничките вештини во одреден јазик, но исто така вклучува и отвореност за разлчни култури и почит кон другите и нивните надлежности и достигнувања.

Учење на други јазици промовира слика на идентитетот што ги прави луѓето да се чувствуваат како дел на повеќе од една јазична и културна заедница. Тоа исто така го зголемува и вработувањето на луѓето, образованието како за возрасни може да генерираат цела низа лични и социјални компетенции .

Планираното проширување на Европската унија ја истакнува важноста на учењето јазици. Владеењето на основните концепти на науката и технологијата се наведуваат како клучни компетентости. Недостиг на овие вештини предизвикува сериозни последици за дополнителните обуки и можности за вработување во многу области. Способност да се разберат и применат одредени научни концепти, исто така промовира развој на генеричката компетенцијана решавање на проблем, разликување и анализа. Со објаснувањето на ефектот на човековите активности врз природата, исто така се поттикнува и економската свест потребна за активното граѓанство."[15]

[15] www.eurydice.org

**Стекнување на клучни компетенции до завршувањето на задолжителното образование**

„Откако утврдивме неколку групи на клучни компетенции, следниот чекор е да одлучиме каде, кога и како треба да се стекнат. Најлогично е да се каже преку школувањето за време на задолжителното образование. Иако учењето низ животот се повеќе се смета за одговорност на поединецот, општеството сепак ја има таа одговорност да ги постави основите и да ги опреми младите генерации со неопходните клучни компетенции. Но, училиштата сами не можат да им обезбедат на младите луѓе цел спектар на клучни компетенции. Информалното учење од семејството, пријателите, врсниците, медиумите за масите или во рамките на младински, политички и религиозни организации е исто толку битно за развивање на когнитивните, општествени и лични компетенции. Знаењата и вештините стекнати преку формалното образование, можат да се претворат во компетенции ако се пренесат во информално опкружување. Истото важи за знаењата и вештините научени надвор од училиштето кои, доколку се применат во училиште можат да се трансформираат во компетенции. Комплементарната интеракција помеѓу училиштата и заедниците во кои се сместени тие училишта е камен-темелник за успешна подготовка за станување на возрасен човек. “[16]

Формални поставки

Како јавен сервис, задолжителното школување настојува да ги опреми сите млади кои учат, а кои се отприлика на иста возраст, со истите клучни компетенции, со цел да ги подготви за ефективно функционирање во вонучилишно опкружување. Потребите за компетенции кои во едно општество базирано на знаење постојано се менуваат, ги поттикнаа европските земји подетално да се позанимаваат со времетраењето на задолжителното образование, како и со наставните содржини и методи во рамките на истото. Во сите земји членки, завршувањето на задолжителното образование зависи од возраста на оној што учи а не од одредено ниво на постигнување на клучни компетенции.

[16]www.eurydice.org

Во Европската унија, периодот на задолжително образование варира од 9 до 13 години. Некои земји, во последната година/и на школување, преминаа од полн фонд на часови во скратен број на часови. Општо земено, задолжителното образование започнува околу шестгодишна возраст, со исклучок на Луксембург и Северна Ирска каде децата започнуваат со задолжителното образование дури и на четиригодишна возраст. Накратко, сите деца во Европската унија на возраст помеѓу 7 и 15 години се во образовниот систем со полн фонд на часови. Зависно од земјата, одреден број на ученици, пред да почнат со задолжителното образование, веќе имале посетувано некој вид на предучилишна институција. По завршувањето на основното образование, само учениците од Германија, Австрија и Луксембург мораат да изберат одредена гранка или тип на средно образование.

**Слика 1: Времетраење на задолжителното образование во Европа, 2001/2002**




*Извор:* Eurydice (врз основа на информациите од *Клучни податоци за образованието во Европа 2002).*

Образовните цели ги набројуваат знаењата, вештините и компетенциите кои младите луѓе би требало да ги имаат стекнато до одредена возраст или образовно ниво. Во наставниот план и програма (курикулум) овие цели стануваат наставни содржини кои скоро секогаш се сместуваат во предмети и дисциплини. Перкинс и Соломон (во *Преминот под ризик)* тврдат дека образованието пати од нешто што би можело да се нарече "отсечен курикулум". Предметните материјали се предаваат на начин на кој тие се издвоени едни од други и одвоени од животот кој ученикот го води надвор од училиштето, да не спомнуваме за животот кој го води по завршување на школувањето. Делумно ова е проблем на преносот. Но делумно, отсечениот курикулум е одраз на традициите кои се вкоренија во образовните практики. Предизвикот е во тоа курикулумите да се организираат на начин кој го демонстрира меѓуодносот помеѓу материјата и разните предмети или теми. Истовремено, тие треба на ученикот да му ја пренесат врската меѓу наставната содржина и вистинскиот живот, покажувајќи му дека учењето е нешто што вреди да се прави.

Крајната цел на школувањето е оние што учат да се подготват за ефективно функционирање во вонучилишно опкружување. Ова подразбира стекнување на знаења, вештини и компетенции кои можат да се пренесат во вистинскиот живот. Сепак, истражувањата покажуваат дека многу поединци не успеваат да ги применат знаењата и вештините научени во конкретен контекст во нова средина. Недостатокот на ваква способност ги спречува дури и најдобрите ученици да станат компетентни возрасни луѓе.

Образовните истражувачи се обидуваа да најдат одговори на бројни прашања: Колку треба да се фокусираме на стекнување на компетенции независни од предметот, а колку на предавање на знаења и компетенции карактеристични за предмет? Може ли компетенцијата да се предава или пак зависи од самиот оној што учи, тој самиот да си развие компетенции преку комбинирање на соодветен став со знаењата и вештините кои му се предаваат? Може ли меѓукурикуларните вештини да се предаваат како одвоени предмети или мораат поради нивната природа да се предаваат како дел од други предмети – и, доколку е така, тогаш кои предмети? Треба ли знаењата карактеристични за предмет да се предаваат

поради нив самите или треба само да претставуваат средство за развивање на општи, преносливи компетенции? Кои наставни методи го олеснуваат и поттикнуваат преносот кој му е потребен на поединецот да превземе контрола врз своојот живот?

Во првата половина на дваесетиот век, доминантен пристап во предавањето и учењето беше бихејвиоризмот. Бихејвиоризмот го дефинира учењето како промена во однесувањето предизвикана со надворешни стимули. Подучувањето пренесува знаење и вештини од наставникот до ученикот. Позитивното зајакнување ја поттикнува посакуваната реакција кај ученикот. Во шеесетите години овој модел постепено почна да се заменува со когнитивистичките и конструктивистичките пристапи, кои имаат суштински сличности но и некои битни разлики. Когнитивизмот ги анализира менталните процеси кои водат до стекнување на знаење. Човечкиот ум се смета за обработувач на информации, гледиште охрабрено од појавата на компјутерите во истиот тој период. Информацијата, како влезен податок, се конвертира во симболи кои се обработуваат и складираат на начин на кој тие ќе имаат смисла. Така, подучувањето мора да создаде атмосфера за учење и за развивање на стратегии за учење кои овозможуваат оптимално обработување на податоците. Според конструктивизмот, учениците конструираат фигуративни слики на знаење и ментални концепти. На учењето не се гледа како на едноставно додавање на нови слики кон претходните знаења и верувања, туку како на преорганизирање на старото знаење со цел да се интегрираат новите елементи и потоа, се конструираат нови когнитивни структури кои се складираат во меморијата. Минатите искуства се разликуваат од човек до човек, исто како и начинот на кој еден човек го поврзува постојното знаење со новостекнатото знаење. Подучувањето ги охрабрува учениците активно да го толкуваат светот кој ги опкружува и да си конструираат нивно лично знаење и верувања преку промовирање на критичко размислување и самостојно учење. Една од доктрините на конструктивистичката теорија е општествениот конструктивизам, кој ја потенцира важноста на културолошкиот и општествениот контектст на учењето. Учениците го откриваат и толкуваат светот кој ги опкружува преку активно учество

во него и интеракција со него. Наставниците веќе не го контролираат туку го олеснуваат процесот на учење.

Потребно е преоѓање на наставни методи во кои наставникот е во центарот во методи во кои ученикот е во центарот. Наставниците веќе не даваат знаење кое мора да се меморира туку им помагаат на учениците во процесот на градење на нивните компетенции. Врз основа на претходно стекнато знаење и искуства, тие предаваат знаење карактериситчно за предмет, но исто така и поттикнуваат вештини за критичко размислување и способност за учење, давајќи им на учениците одредени задачи за време на часот. Стекнувањето на компетенции бара вклученост и од страна на тој што учи. Улогата на наставникот е да го олесни учењето насочувајќи ги учениците при нивните напори да применат знаења и вештини во нови ситуации, со цел да станат компетентни поединци.

Неформални поставки

Иако училиштата се официјална околина, во која клучните компетенции се предаваат и учат, тие исто така нудат многу неформални можности за учење. Многу клучни компетенции, посебно социјалните и личните може да се стекнат и практикуваат о надвор од часовите. Воннаставните активности играат главна улога во овој контекст. Домашната задача е со цел да се постигне не само поврзаност со предметот, туку и развивање на личните компетенции како решавање на проблемите, размислување, анализа, мотивација и упорност.

Семејниот живот игра главна улога во стекнување и засилување на клучните компетенции. Родителите треба да знаат како да се грижат за своите деца и да ги потикнуваат учењето на позитивни ставови и навики.

Покрај училиштето и семејството, постојат многу други можности кои се отворени за учениците за стекнување на знаење, вештини и компетенции. Многу млади луѓе се приклучуваат на спортски клубови, религиозни, политички и други младински организации.

„Зголемувањето на бројот на телевизиски канали и интернет врски им овозможува на учениците дома да имаат изобилство на можност за учење.

Интернетот може да придонесе надлежностите значително да се изградат. Со интересот се поттикнува вештината за критичко мислење и учениците може да изберат што им треба. Образовните власти треба повнимателно да го разгледат нивото на интеракција и соработка меѓу училиштата и многу други места кои нудат неформално учење и да се обезбеди оценување и сартифицирање на надлежностите стекнати надвор од училишната околина – средина.

Учењето во надворешната средина зависи во главно од личните мотивации на ученикот и способноста за учење. Така значи неформалното учење има поголем потенцијал за развој на личните и социјалните компетенции од официјалното образование."[17]

## II. ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 1.Историски преглед на образовните промени

Системот на воспитанието и образованието во Македонија во периодот по ослободувањето се развива паралелно со развитокот на младата македонска држава. Идејно-општествената изградба на повоениот систем на воспитанието и образованието во Македонија започнала уште во НОБ. Тогаш се формирани основните ставови на новата просветна политика, во која посебно дошле до израз новите стремежи.

Развојот на системот навоспитанието и образованието може да се подели во четири развојни етапи:

- „Првата го опфаќа времето од ослободувањето па до првата школска реформа 1958 година
- Втората етапа траела од 1958 до 1974 година
- Третата етапа трае од 1974 година, па се до 1990 (до распаѓањето на СФРЈ)

[17] www.eurydice.org

- Четвртата етапа која трае од 1990 да се до денес. Оваа етапа се развива во еден бурен период на големи промени и ново општествено уредување (повеќепартиски систем)"[18]

**Првата етапа** ја карактеризираат процесот на етатизмот на на воспитанието и образованието. Училиштата и другите воспитно образовни установи стануваат државните институции, а целиот систем во почетокот бил строго централизиран со административно-буџетски односи. Основните правци на развојот на системот на воспитанието и образованието се поставени веднаш по ослободувањето на земјата.

Така на 26 Октомври 1945 година е донесен првиот школски закон со кој во Македонија се воведува задолжително седумгодишно основно образование за децата од двата пола од 7 до 14 години. Со донесување на првиот устав на Македонија на 31.12.1946 година е загарантирано образованието за сите и тоа е задолжително и бесплатно.

Во овој почетен период од изградбата на новото се до почетокот на 90-те години познато како социјалистичко општествое воспоставен државен систем на воспитание и образование.Училиштата се државни, државата го превзема правото на одлучување за сите битни прашања на воспитанието и образованието, а пред се за отворање нови училишта, да пропишува нови наставни планови и програми, да се грижи за финансиите, да прима и отпушта наставници. Етатистичкиот карактер на системот се одразил и врз организацијата и работата на училиштето како државна институција. Основени карактеристики на ваквото училиште биле строга хиерархичност во односите и авторитарно воспитание и образование. Најголема задача на новото македонско училиште е да создаде пред се **социјална личност.**Во таа смисла се препорачува училиштата да станат колектив на рамноправни, слободни и работни деца. Значајно внимание се посветува на организацијата и реализацијата на воспитно-образовната работи. Гледано теоретски во овој модел на образование препознатливи се идејите на

[18] Камберовски, К. (1994), Од буквар до универзитет,Просветно дело: Скопје , стр 43

социјалната, но и на прагматистичката педагогија како и на комплексната настава, која како дидактички модел се јавува во Русија по Октомвриската револуција.

„На 24 Ноември 1948 година е донесен Закон за Седумгодишно основно образование"со кој образованието се прогласува за задолжително и бесплатно за деца на возраст од 7 до 15 години. Според кој закон образованието се остварува низ:

1. Во државни седумгодишни училишта-седмолетки
2. Во четиригодишни основни училишта
3. Во првите три класа во гимназија"[19]

Набргу по донесување на овој Закон станало актуелно прашањето за негово натамошно продолжување. Така во декември 1949 годинаосновното образование прераснало во седумгодишно образование. Целокупното образование тогаш низ својот развоен пат морало да совлада бројни тешкотии, како што биле: недостиг на наставен кадар, наставни средства ,,учебници и литература", простории и други услови. Се правеле големи напори образованието да се постави на цврсти нозе како и целата држава.

**Втора етапа** се карактеризира со големите образовни реформи кои започнале од 1958 година. Во реформите посебно внимание се обрнувало на дефинирање на образовните цели, на концепцијата на единствено основно образование, и на концепцијата за гимназија.

Новиот реформиран систем требало да ги остварува следните општи воспитни цели:

1. Да се оспособи младиот човек со разбирање да пристапи кон проблемите на својата структура, постојано да се усовршува и да оди во чекор со времето.
2. Да се подготвува младиот човек за задачите на општественото управување
3. Да се воспита слоборен човек со самостоен и критички дух слободен творец кој постојано ќе се развива и ќе ги остварува своите права и должности.

[19] Службен весник на НРМ бр 38-48, стр 273

4. Да воспита физички здрав и отпорен човек со длабоко всадени навики за постојано дејствување
5. Да се воспита младата генерација во духот на братството единството и рамноправноста

„На 25 јули 1958 година се донесува Законот за образование, во кој се вградени првите правни основи на новиот воспитно образовен систем. Со овој документ за прв пат е направен обид целокупниот систем на воспитанието и образованието да се постави на нови основи"[20]. Со овие реформи по ослободувањето се извршени битни промрни во организацијата и структурата на воспитанието и образованието, образовниот систем е поделен во три степени од кои сите претставуваат засебна целина. Основното образование е задолжително за сите деца на возраст од 7 до 15 години, а се остваруваат во единствено осумгодишно училиште, гимназијата се трансформира во четиригодишно средно училиште со неколку насоки. Со реформата биле зафатени и внатрешните односи и структурата на воспитно-образовната дејност во училиштето, наставните планови и програми, односите меѓу општото и стручното образование, формите и методите на воспитанието и образованието и др. Оваа прва темелна реформа не ги отстранила сите слабости во образовниот систем, но може слободно да се каже дека реформите од 1958 година не успеала да најде решение за многу прашања, но затоа успеала голем дел од нив да ги отвори.

Основното воспитание и образование во овој период се развил врз реформската концепција од 1958 година според која основното осумгодишно образование станува единствена воспитно образовна институција.

Со реформската концепција се утврдени следните основни карактеристики на основното образование:

- Основното училиште трае осум години и е задолжително и бесплатно за деца на возраст од 7 до 15 години.
- Основното осумгодишно училиште претставува основа за понатамошно образование
- Основното осумгодишно образование има општо образовен карактер

[20]Седница на Централен комитет на КПЈ (1948-1952)

- Осумгодишното основно училиште е единствен тип основно училиште
- Осумгодишното основно училиште нема селективен карактер

Покрај овие карактеристики, основното образование доживува и други значајни промени во програмската структура. Со оваа реформа битно се менува и положбата и улогата на ученикот во наставниот процес. Се настојува се повеќе ученикот да добива место и улогата на ученикот во наставниот процес. Се настојува се повеќе ученикот да добива место и улога на субјектот во наставниот процес преку внесување на поактивни методи и форми на воспитно-образовната работа.

Во периодот на реформата значајно е подобрена состојбата на наставниот карактер. Наставниот карактер за основно образование во овој период се подготвувале во следниве институции: учителски школи, виши педагошки школи и наставнички факултети. Најзначајните промени во овој период во оспособување на наставниот кадар за основно училиште се направени во поглед на подигањето на образовното ниво на училиште од средношколско во вишешколско (одделенски наставници).

Укажувајќи на основните карактеристики на развојот и промените на основното воспитание и образование во периодот по реформите на системот на воспитание и образование од 1958 па до 1975 година, можеме да констатираме дека, во овој период недоволно успешни се реализирани некои од основните ставови на реформската концепција на основното воспитание и образование. Така и натаму се задржале авторитарните односи со воспитно образовниот процес, трудовотообразование, материјално основа, посебна опременост со наставните средства, основното образование останало недоволно поврзано со предучилишното и со средното образование. Се јавиле многу проблеми кои не биле решение како: недоволно опфатени многу генерации, разлики во опременоста од едно училиште до друго и др.. промените во системот на образованието во три децении долгиот период биле бројни и разновидни.

Речиси нема подрачје кое не доживеало поголеми или помали промени, некои од нив биле успешни некои не, но иако има некои пропусти сепак овие реформи имаат позитивно влијание на целиот образовен систем.

**„Третата етапа** ја карактеризираат процеси на самоуправна преобразба на системот на воспитание и образование врз основите на општествената концепција за самоуправно здружување на трудот." [21]

Со реформата од 1947, позната како самоуправна социјалистичка преобразба на воспитанието и образованието[22], а во чија основа лежи идејата за интегрирање на воспитание и образование во единствен систем на здруже труд, се прават напори воочените слабости и недостатоци во дотогашниот развој на општествено економските односи во сферата на образованието да се надминат. Во основните документи на оваа реформа се внесени битни промени не само во изворите, туку и во принципите, формите и начините на распределување на средствата, како и во позицијата на работните луѓе процесите на водење на политиката на развој и финансирање на образовниот систем. Како основен начин за регулирање на однсите е прифатен на системот на самоуправно договарање и спогодување. Со овие промени започнува нова етапа во развојот на општествено економските односи во сферата на воспитание и образование.

**Четврта етапа** од 1990 година има едно затишје во однос со образовните промени тоа е резултат на воведувањето на повеќепартискиот систем и сфаќањето на ова ново општествено уредување. Веќе десетина години подоцна почнува да се јавуваат идеи за промени во образованиот систем како на финансирањето така и на целокупното управување на образовниот систем. Со процесот на децентрализацијата се менуваат многу работи за разлика од порано во сите сфери на делување. Децентрализацијата е сложен процес и е потребно повеќе време, за да целосно се имплементира. Под децентрализација во образованието се мисли на префрлање на некој ингиренции од државно на локално ниво пример организирање превоз за децата, именување директор ,давање плати на наставниците, контрола и сл. со еден збор обврските сега

[21] Поткоњак, Н.(1980), Систем образовања и воспитања у Југославија:Београд стр 42
[22]Преобразба значи коренити промени (Речник на македонски јазик со српскохрватско толкување,стр 973

поминуваат во рацете на локалната самоуправа. Посебно во последните години се вршат многу реформи речиси во секое поле на образованието како на основното, средното така и на високото образование. За овие реформи понатаму подетално се занимаваме во овој труд.

**Петта етапа** – од 2005, па до денес. Овој период е исполнет со многу промени и се преземаат многу активности како во основното така и во средното образование. Голем акцент се става на промените во основните образование, односно се воведува деветгодишно основно образование и со тоа постепено се заменува досегашното осумгодишно образование .

„Овој процес на воведување на деветгодишно образование започнува 2004-2005 со воведување на подготвителна година во градинките се со цел да се добие време, за да училиштата да се подготват (инфраструктура, опременост, човечки ресурси и др.) Три години постои подготвителна година и во 2007 -2008 година се укинува подготвителната година, односно се пренесува во училиштата и од тогаш официјално започнува деветгодишното осносно образование со воведување на прво одделение.“[23] Тогаш се воведуваат иновативни програми за прво одделение .Карактеристична појава која се јавува со овие оромени е што се јавуваат сега две први одделенија, (старо прво ученици кои учат по старата програма–оделе подготвителна година во забавиштата и ново прво одделение кои сега првпат одат воопшто на училиште, односно кои не оделе подготвителна година. Децата поаѓаат сега една година порано, односно со пет години и осум месеци. Понатаму до 2014-2015 год ќе се јавуваат две исти одделенија, но тоа не треба да не буни бидејќи едни учат по стара програма, а други по нова така ќе биде се додека не заврши последното одделение кое е запишано по стара програма, а тоа ќе заврши 2014-2015 год.

Со овие промени се воведуваат многу нови закони, документи, концепции се со цел правилно да се разбере и имплементира оваа сложена промена.

Важен документ кој ја објаснува оваа промена од осумгодишно во деветгодишно образование е – Концепцијата за деветгодишно основно

[23] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование ,(2007), Скопје: Биро за развој на образованието стр 13

образование која е издадена во март 2007 година и многу помага за правилно разбирање на овие промени како на родителите така и на наставниците. "Во концепцијата вклучени се битни прашања од образованието кои се однесуваат на:

- „Организација и управување во основното образование
- Структура на наставниот план
- Планирање на наставата
- Оценување
- Образование на наставници
- Соработка со родители
- Учебници и прирачници и сл"[24]

Од голема важност е да се спомне и донесувањето на: Националната програма 2005-2015 год издадена 2006 од Министерството за образование и наука на РМ. Во националната програма покрај основното образование се објаснуваат и промените во средното и високото образование.

Во средното образование се менуваат наставните планови и програми. Со реформите се јавуваат четири модели на средно задолжително образование и сега учениците може да посетуваат една, две, три или четири години средно во зависност од нивните можности, учениците со една година средно може да го завршат задолжителното образование или со полни 15 години. Учениците може да избираат кои предмети ќе учат се воведуваат проектни активности посебно во делот на уметностите (спорт, ликовна и музичка уметност). Се воведува и матурски испит. Завршните испити досега во искуството покажале дека не ја постигнувале основната функција во поглед на оценувањето и заокружувањето на школувањето. Значи досегашните завршни испити не можеле да дадат објективен критериум за избор на студии и зато се воведува матурски испит се со цел да се исполнат критериумите за запишување на студии.

Со приемните испити треба да се заменат приемните испити за запишување на студии. За да се исполни оваа цел при изборот на содржините на

[24] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование ,(2007), Скопје: Биро за развој на образованието стр 9

матурските предмети ќе земат учество и факултетите. На тој начин, ќе се воспостави соработка и ќе се постигне заеднички интерес помеѓу универзитетите, средните училишта и учениците. Во овој период средното образование претрпува многу промени кои многу позитивно влијаат на општеството воопшто.

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ

Во Уставот на Република Македонија во член 44 одредено е дека основното образование е задолжител но и бесплатно. Основното образование се уредува со Законотза основно образование. Тоа се изведува во основните училишта, а за учениците со посебни образовни потреби, зависно од видот и степенот на нивните потреби, се организираат и посебни основни училишта или паралелки при основните училишта. Наставата и другите облици на воспитно-образовна работа во училиштето во рамките на гарантираните програми за учениците е бесплатна и се финансира со средства од буџетот на Република Македонија.

Општините основаат основни училишта по претходно прибавено мислење од Владата на Република Македонија. Основното училиште во својот состав може да има едно или неколку подрачни училишта што се организираат во населени места со мал број ученици, за што одлучува основачот по претходно мислење од Министерството за образование и наука.

Воспитно-образовната дејност на основното училиште се изведува според наставен план и наставни програми што ги донесува министерот за образование и наука. Основните училишта им овозможуваат на сите државјани на Република Македонија да го остварат правото на основно образование со организирана настава и други облици на воспитно-образовна работа и тоа во обем што се одредува со Законот за основно образование, односно со наставниот план и наставните програми за основното училиште.

Обврските за финансирање на наставата и другата воспитно-образовна работа, што се предвидени со наставниот план и со наставните програми, усогласени се меѓу општините и државата. Од извори на државата се издвојуваат наменски средства за платите и личните примања на вработените за изведување

на наставата и другите воспитно-образовни актив-ности според наставниот план за основното училиште, за платите на наставниците за продолжениот престој и целодневната настава за учениците од I до IV одделение, како и за основното музичко и балетско образование и основното образование на возрасните. Од исти извори се покриваат материјалните трошоци на училиштата за одржување на училишниот простор и набавка на наставни средства и опрема. Општините во соработка со централната власт обезбедуваат средства за превоз на учениците и за сместување и исхрана во ученичките домови.

## 3. ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВАТА

Со наставниот план и наставната програма на основното училиште одредени се задолжителни предмети, нивниот распоред по одделенија и неделниот и годишниот фонд за часовите на учениците.

Изборните предмети, исто така се планирани по одделенија со фондот на часовите и другите правила за определување на учениците за изборните предмети, бројот на учениците и должностите на учениците и училиштето за овие предмети.

Потребно е училиштето да им понуди на учениците и родителите проширена програма која опфаќа:

- целодневен престој на учениците во училиштето;
- слободни ученички активности;

Училиштето задолжително ги планира деновите и времето за посета на родителите на училиштето и разговори со наставниците.

Според програмата за работа училиштето во согласност со родителите на учениците може да организира и настава во природата.

Наставата овозможува и вертикална проодност во средните училишта.

| НАСТАВЕН ПЛАН ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ОД I - IX ОДДЕЛЕНИЕ | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставни предмети | О Д Д Е Л Е Н И Е | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| задолжителни предмети | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
| | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г |
| - Македонски јазик<br>За учениците од другите заедници нивниот мајчин јазик албански, турски, српски | 6 | 216 | 6 | 216 | 6 | 216 | 5 | 180 | 5 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 |
| - Македонски јазик за учениците од другите заедници | - | | - | | - | | 2 | 72 | 2 | 72 | 3 | 108 | 3 | 108 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Математика | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 |
| - Англиски јазик | 1 | 36 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 3 | 108 | 3 | 108 |
| - Втор странски јазик | - | | - | | - | | - | | - | | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Ликовно образование | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 |
| - Музичко образование | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 |
| - Запознавање на околината | 2 | 72 | 3 | 108 | 3 | 108 | - | | - | | - | | - | | - | | - | |
| - Техничко образование | - | | - | | - | | 1 | 36 | 2 | 72 | - | | - | | - | | - | |
| - Информатика | - | | - | | - | | - | | - | | 2 | 72 | 1 | 36 | - | | - | |
| - Општество | - | | - | | - | | 2 | 72 | 2 | 72 | - | | - | | - | | - | |
| - Географија | - | | - | | - | | - | | - | | - | | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Историја | - | | - | | - | | - | | - | | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Граѓанско општество | - | | - | | - | | - | | - | | - | | - | | 1 | 36 | 1 | 36 |
| - Природа | - | | - | | - | | 2 | 72 | - | | - | | - | | - | | - | |
| - Природни науки | - | | - | | - | | - | | 2 | 72 | - | | - | | - | | - | |
| - Природни науки и техника | - | | - | | - | | - | | - | | 3 | 108 | - | | - | | - | |
| - Биологија | - | | - | | - | | - | | - | | - | | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Физика | - | | - | | - | | - | | - | | - | | - | | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Хемија | - | | - | | - | | - | | - | | - | | - | | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Физичко и здравствено образование | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 |
| - Вкупно часови | 20 | 720 | 22 | 792 | 22 | 792 | 23<br>(25) | 828<br>(900) | 24<br>(26) | 864<br>(936) | 24<br>(27) | 864<br>(972) | 24<br>(27) | 864<br>(972) | 29<br>(31) | 1044<br>(1116) | 29<br>(31) | 1044<br>(1116) |
| - Број на предмети | 7 | | 7 | | 7 | | 9<br>(10) | | 9<br>(10) | | 10<br>(11) | | 11<br>(12) | | 13<br>(14) | | 13<br>(14) | |

## 3.1 Задолжителни предмети

Во првиот развоен период во наставата од I до III одд. задолжителни се предметите: македонски јазик, односно албански, турски и српски јазик,математика, англиски јазик, ликовно образование, музичко образование,

запознавање на општеството и здравствено образование. Учениците од I до III одд. изучуваат 7 предмети.

Во вториот развоен период од IV до VI одд. задолжителни се предметите:

- Македонски јазик, албански, турски и српски јазик;
- Математика;
- Англиски јазик;
- Втор странски јазик;
- Ликовно образование;
- Музичко образование;
- Општество;
- Историја;
- Техничко образование;
- Информатика;
- Природа;
- Природни науки;
- Природни науки и техника;
- Физичко и здравствено образование;

Во четвртото и петтото одделение учениците изучуваат 10, а во шестото одделение 11 предмети.

Во заврпниот период од VII до IX одделение задолжителни се следните предмети:

- Македонски јазик, односно албански, турски и српски јазик;
- Математика;
- Англиски јазик;
- Втор странски јазик;
- Ликовно образование;
- Музичко образование;
- Географија;
- Историја;

- Граѓанско општество;
- Информатика;
- Биологија;
- Физика;
- Хемија;
- Физичко и здравствено образование;

Во VII одделение имаат 12 , а во VIII и IX одделение по 14 предмети. При изготвување на наставните програми од I до IX одделение треба да се води грижа за користење на информатичката технологија во наставата и учењето.

### 3.2. Изборни предмети

Во зависност од своите интереси секој ученик во основното образование може да изучува изборни предмети. Тие се наменети за усвојување и надградување на знаењето во одредени подрачја, поврзување на теориските знаења со практичните искуства.

Со изборните предмети не се заменуваат основните задолжително предмети, туку со нив им се нудат можности на учениците да ги прошируваат и продлабочуваат своите знаења и искуства.

Изборните предмети што ги нуди училиштето, ученикот може да ги избира од III или IV одд.Доколку се случи да нема доволен интерес за одреден предмет што го сака ученикот, тогаш може да се определи за за оној предмет за којшто се пријавени најмалку 15 ученици.

Ученикот во маредната година може да направи замена на изборниот предмет. Изборните предмети стануваат дел на неделниот фонд на часови на ученикот. Учениците се оценуваат и по изборните предметиа оценката влијае врз општиот успех на ученикот.

Секое училиште има обврска на учениците во исто одделение да им понуди најмалку три изборни предмети. Учениците и нивните родители заедно со раководителот на паралелката треба да направат избор на предмети што стануваат да од нивните задолженија .

Секогаш треба да се внимава учениците да не бидат оптоварени со многу предмети.

**3.3 Дополнителна настава**

Дополнителната настава се организира за ученици кои напредуваат посебно или заостануваат во усвојувањето на содржините од одреден предмет. За успешно организирање на дополнителната настава важно е постојано следење и вреднување на постигањата на учениците. Оваа настава по правило се организира во текот на целата наставна година, пред или по редовната настава во слободното време и во вид на продолжена настава на крајот на учебната година.

**3.4. Додатна настава**

Додатната настава се организира за ученици кои постигаат надпросечни резултати, значи додатната настава претставува организирана грижа и работа со надарените деца. Овој вид на настава во училиштето се организира во слободното време, пред или после часовите, според одредени програмски содржини.

Избирање на ученици за вклучување во додатната настава има суштествено значење. Избирање на надарените ученици се врши со системско следење и вреднување на постигањата на учениците.

## 4. Поврзаност на предучилишното со основното воспитание и образование

Во развиените држави целите и содржините во образованието се систематизираат од предучилишното воспитание коннаредните образовни циклуси во елементарното и во задолжителното образование.

Во Република Македонија со воведување на подготвителната година или сега прво одделение (деветолетка) се создаваа можности да се постигне поголемо растоварување на наставните програми, особено во прво и второ пдделение, а аналогно и тоа промените ќе се одразат и со растроварување на

наставните програми за предметна настава.Кога ќе се земе во предвид реалните кадровски и економски услови во Република Македонија може да се каже дека во наредниот период треба да се вложат максимални напори за целосен опфат на децата кои се на возраст од 5,8 до 14/15 во основното деветогодишно образование.

Со развивање на нов наставен план и нови наставни програми може да се подобрува содржината и организацијата за целокупното задолжително образование во согласност со тенденциите во образованието во развиените држави.

### 4.1. Основно образование

Во Уставот на РМ во член 44 одредено е дека основното образование е *задолжително и бесплатно*,. основното образование се уредува со законот за основно образование. Наставата и другите облици на восдпитно-обтазовната работа во училиштето ое бесплатнаи се финансира со средства од дуџетот на Република Македонија.

Воспитно-образовната дејност на основното училиште се изведува според наставниот план и наставните програми што ги донесува министерот за образование и наука. Основните училишта им овозможуваат на сите државјани на РМ да го остварат правото на основно образование со организирана настава согласно со наставниот план и програма за основно училиште.

Обврските за финансирање на наставата и другата воспитно-образовна работа, што се предвидени со наставниот план и програма, усогласени се меѓу општините и државата. Од извори на државата се издвојуваат наменски средства за платите и личните прашања на вработените за продолжениот престој, целодневна настава на ученици, од I до IV одд. како и за основното балетско и музичко образование. Општините во соработка со централната власт обезбедуваат средства за превоз на уќеници, за сместување и храна во училишните домови.

Во населените места со мал број на ученици се организираат подрачни училишта. Тие организационо му припаѓаат на централните училишта. Во

помалите населби, ако нема доволен број ученици, во основните училишта се формираат комбинирани паралелки.

Со промените и воведување на деветгодишното основно образование сега основното образование е поделено на три периоди и тоа :

- Прв период од прво до трето одделение
- Втор период од четврто до шесто одделение
- Трет или завршен период од седмо до девето одделение

Во првиот период на планирање и организирање на наставата од прво до трето одд се одвива како една целина .Затоа во наставните програми за новото училиште не треба од сите истовремено да се бара да ги усвојат очекуваните знаења за пишување и читање до крајот на учебната година, туку тие се планираат со оглед на индивидуалните разлики меѓу учениците .
Искуството и знаењето на децата во периодот од 6 до 9 годишна возраст има големо значење за натамошното напредување во основното училиште.

Во вториот период ,ученикот може да врши сложени логички операции на повисоко ниво, тоа значи дека детето може да ги класифицира предметите во групатана која припаѓаат повеќето предмети и да ги групира во сродни категории или класи .

Во третиот период учениците се во состојба да изведуваат заклучок врз основа на дедуктивно мислење ,да даваат објаснување ,да интерпретираат и да развиваат хипотези,односно нивното мислење е флексибилно .

Секој кој го организира образовниот процес и кој учествува во него треба да води грижа за возраста и индивидуалните карактеристики во развојот на учениците .

Мислам оваа поделба 3+3+3 е добро осмислена ,бидејќи децата немаат некоја јасна граница на поминување од одделенска во предметна настава ,односно постепено им се воведуваат нови наставници во вториот период од четврто до седмо одделение пр:нов наставник по Англиски јазик, по природни науки и сл .

## 4.2. СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Средното образование од учебната 2007/08 е задолжително за сите жто завршиле основно образование. Учениците средното образование го следат бесплатно.

Според Законот за средно образование (,, Службен весник на РМ бр. 44/95) се проширува демократизацијата во овој дел на образованието . Со него е дадено правото средното обтразование да се остварува освен во државни, општински и во приватни средни училишта. Во средното образование се остваруваат програми за неколку струки, но постојат училишта и за само една струка или гимназиско образование.

Во Република Македонија се остравуваат следните видови на средни образованија:

- гимназиско образование;
- стручно образование;
- средно - уметничко образование;
- средно образование за ученици со посебни образовни потреби;

Гимназизкото образование има општообразен карактер, трае четири години и завршува со полагање на матурски испит. Според законот за изнесување и дополнување на Законот за средно образование (,,Службен весник на РМ,, бр. 67/04) и новиот концепт за матура и завршен испит, од учебната 2006/7 год. гимназиското образование завршува со државна или училишна матура.

„Државната матура обезбедува право на влез во високот образование, а училишната матура на пазарот на трудот. Основна функција на гимназиското образование е подгоотовка на младите за успешно вклучување во високото образование."[25]

Наставниот план за гимназиското образование содржи задолжителни наставни предмети, изборни наставни предмети и изборни содржини. Уќениците во гимназиското образование имаат можност да се определат за изборни предмети во едно од следните изборни подрачја:

[25] Се за новата гимназија, (2002), Скопје: Биро за развој на образованието, стр 13

- литература и уметност:
- хуманистичко општествено подрачје:
- природни науки и математика:

Средното стручно образование по основите и се темели пред се, врз усвојување на знаења, умеење и навики од науките кои имаат променлива вредност. Основната функција на средното образование е подготовка на учениците за работа, но и за продолжување на образованието. Завршува со полагање завршен испит, односно специјалистички испит.

Според споменатиот концепт од учебната 2006/07 год. четиригодишното средно стручно образование завршува со матура или завршен испи. Државната матура овозможува право на влез во високото образование, а завршниот испит на пазарот на трудот.

Стручното образование е дефинирано врз основа на образовните барања утврдено за секое занимање одделно. Сродните занимања, според потребното образование се групирааат во образовни профили со кои се дефинирани потребните знаења, умеења, навики и ставови.

Во рамките на стручното образование постојат околу 260 образовни профили:

- 80 образовни профили за четиригодишно образование;
- 90 образовни профили за тригодишно образование;
- 50 образовни профили за двегодишно образование;
- 40 образовни профили за специјалистичко образование;

Средното уметничко образование е наменето за уметници со посебни предиспозиции, односно уметничка надареност. Поради тоа и уписот на децата во овие училишта се врши со посебна проверка на нивната надареност. Завршува со полагање на матура. Со средното образование завршува задолжителното образование.

## 5. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Република Македонија се зафати со соодветен процес на децентрализација којшто беше започнат со потпишување на Рамковен договор во 2001 год. и беше во контекс со заложбата на земјата со реформи и стандардизација на одредениот систем .

Децентрализацијата во национално и локално ниво и се стреми да им овозможи на граѓаните да бидат повеќе вклучени во процесот на донесување на одлуки и покрај тоа што правната рамка е воспоставена во јуни 2005 год. нејзината инплементација се соочува со бројни проблеми.

Децентрализацијата во образованието се соочи со голем број на предизвици коишто се карактеристични за процесот на децентрализација воопшто. Во поглед на образованието, процесот на децентрализација овозможува попрецизна дистанца на улогите, правата и обврските на властсте на централно и на локално ниво, обезбедува поголемо учество на локалната заедница во процесот на донесување на одлуки, поактивно и потранспарентно управување со училиштата преку вклучување повеќе учесници во процесот и поефикасна контрола врз работата и активноста на училиштата и квалитетот на наставата.

Во рамките на системот на основни и средни образованија разликуваме три нивоа во образовниот процес:

- ниво на централна власт (макро ниво);
- ниво на локална власт (средно ниво);
- училишно ниво (микро ниво);

Секое ниво има сопствени права , обврски. Учесниците на државно ниво се одговорни за развивање педагошки норми и стандарди, образовни планови и програми, учебници како и за набљудување на квалитетот и ефикасноста на образовниот систем. Главни одговорности на средно ниво се: именување на училишни директори, именување на претставници во училишните одбори и основање или затварање на училишта. Главна одговорност на училишното ниво

опфаќа избор на директор, подготвување годишен финансиски план, план за работа и избор на наставници и стручен кадар.

- ***Учесници на макро ниво***
    - Министерство за образование и наука;
    - Педагошки завод;
    - Биро за развој на образованието;
    - Државен просветен инспекторат;

- ***Учесници на средно ниво:***
    - Општински совет;
    - Градоначалник;
    - Одделение за образование (во некои општини);
    - Овластен општински инспектор за образование;

- ***Учесници на микро ниво***
    - Училишен директор;
    - Училишен одбор;
    - Наставен совет;
    - Совет на родители;
    - Ученици;

## 6. ФИНАНСИРАЊЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Еден од клучните прашања за материјалното фундирање на образованието во Република Македонија е секако и системот на неговото финансирање. Тоа е значајно, бидејќи преку системот на финансирањето се определува и местото на оваа значајна дејност во вкупните општествени односи. Во согласност со настанатите промени во политичкиот и економскиот систем во земјата, настануваат одредени промени и во финансирањето на образованието, кое се изразуваат преку:

-искажувања на јавниот интерес на државата во оддани системи на воспитно образовниот процес;

- допуштање на можноста за основање на правни образовни институции во одделни степени на образованието а со тоа и нивно финансирање од приватни лица;
- циклусно финансирање на воспитно-образовната дејност во степените на образование каде е утврден јавниот интерес;
- префрлање на финансирањето од централно на локално ниво;

Инвестирањето во образованието, обуката, науката и истражувањето е секогаш исплатлива инвестиција и нејзини чинители на националната компетентност и конкурентност, а со тоа и основни фактор на одржлив развој на земјата.

Овој сектор скоро исклучиво се финансира со јавни средства, одговорност за овие инвестиции лежи недвосмислено во јавниот сектор. Со оглед дека се очекува дополнителен притисок за воведување на средства за образование и обука на возрасните и јавното истражување, потребата од ревизија и зголемување на буџетот на Министерството за образование и наука, како и изнаоѓање алтернативни извори за финансирање ќе претпоставува неминовност во идниот период.

Министерството за образование и наука ќе се обиде со помош на внесување на поголема координираност во инпленментацијата на активностите, намалување на непотребниот расход, соработка со локалните авторитети, соработка со меѓународните фондации иинституции и усогласување на заедничките акции, соработка со наставниот сектор и потпирајќи се на домашните експертски капацитети, да обезбеди поголем прилив на финансии во образованието и покорекна распределба на средствата.

Многу е важно да се дефинира јасин систем за финансирање во образованието во услови на децентрализација во образованието. И покрај тоа што е поскапо финансирањето на образованието во руралните подрачја кои се

слабо населени, тоа не треба да представува причина за компромитација на квалитетот на образованието и обуката и укротување на природното право на образование на секој. Во таа насока распределбата на средствата ќе се одвива ефективно, профитабилно и правилно во согласност со приоритетите на државата, водејќи притоа сметка реално финансиска моќ на општините и населението.

Во оваа смисла, потребно е да се зајакне увидот во остварувањето на даночната и социјалната политика и почитувањето на законите во економскиот сектор за секоја општина посебно. Тоа значи напуштање на линеарниот начин на распределба на средствата и спроведување на системот за финансирање кој ќе го стимулираквалитетот и ќе ја обесхрабри неквалитетната работа и институциите во образовните установи. Притоа распределбата на финансиските средства мора да ја почитува логиката на предност на државните приоритети.

Делумното финансирање ќе се одвива врз база на распределба на средствата за образованието од централниот буџет на општините во форма на блок дотации. Ваквото финансирање како основен критериум ќе ги има: бројот на учениците, состојба на инфраструктурата, квалитетотна образовната работа утврден преку експертска контрола и вертикална мобилност на учениците.Многу битни работи во финансирањето на образованието е и определување на краткорочни и долгорочни цели. Краткорочно, напорите треба да се констатираат на решавање на актуелните финансиски проблеми. Долгорочно гледано , треба да се создаде одржлив систем на финансирање.

***Цели на финансирањето во образованието**

"- да се обезбеди поефикасен начин на користење на расположливите средства од буџетот;
- да се ослободат нови ресурси за развој и структурно прилагодување;
- да се креираат нови канали и извори на финансирање во образованието;

- да се адаптира системот на финансирање на целите и потребите на административните реформи - финансирањето како како главно средство за управување;
- да се обезбеди транспарентноста и исплатливоста на вложувањата во образованието и демократска контрола врз нив„[26]

*** Атрактивности кои треба да се преземат**

- зајакнување на соработката на училиштата од локалните единици;
- воведување на системи на нормативно финансирање при дистрибуцијата на државните субвенции на регионалните и локалните единици;
- создавање на фонд за образование иновации и други специјални фондови за развој;
- изготвување на анализа за исплатливоста на вложувањата како постојана задача на државната администрација;[27]

*** Очекувани резултати од новиот начин на финансирање**

- поефикасно и потранспарентно финансирање;
- систем за финансирање кој е прилагодлив на потрените и има развојни потенцијали;
- зголемено учество на локалните актери во финансирањето на училиштата и распределбата на средствата;
- зголемено учество на вондржавните извори во финансирањето на образованието;
- поотворен образовен систем кон меѓународната подршка за развој;[28]

---

[26] Нацрт стратегија за развој на образованието на Република Македонија,Министерство за образование и наука на Република Македонија
[27] Нацрт стратегија за развој на образованието на Република Македонија,Министерство за образование на Република Македонија
[28] Исто

## 7.Меѓународна соработка во образованието

Главна цел на Република Македонија е вклучување во глобалните интеграциски процеси на европско и светско ниво.Во наредниот период ќе се работи на интезивна соработка со европските земји се со цел да се споредат и применат кај нас европските искуства .Република Македонија сеуште не е член на Европската Унија и затоа не и се пристапни некои пракси,семинари и слично.Затоа треба сите заедно напорно да работиме и да ги следиме критериумите и стандардите за квалитет во образованието кои се основен услов за остварување соработка со Европа. Вклучувањето на училиштата и на универзитетите во меѓународна размена на ученици и наставници и реализација на меѓународнипроекти е од големо значење за сите нас. Со посета на други држави се разменуваа разни искуства како за наставникот така и за учениците потоа може да се применат во нашата земја ,може да се согледаат пропустите во образовниот систем со споредба на други,а со мобилноста доаѓа и до афирмација на нашата земја во позитивна смисла секако . За таа цел во нашата држава е отворена и Национална агенција за образование и мобилност која нуди многу програми за размена на ученици и наставници (Леонардо де Винчи,Комениуси сл.)

„Знаењето во Европската унија е длабоко втемелено во сите општествени пори и затоа за Република Македонија е од голема важност да ги следи образовните процеси таму и правилно да ги имплементира кај себе,за да може да си ја оствари желбата за членство во Европската унија .На својот пат кон интегрирање во Европската унија нашата земја мора да ја интензивира регионалната ,а пред се и европската соработка Од голема важност е и соработката на Балканот ,посебно со нашите соседи ,треба да се совладаат тие бариери ,да ги искористиме нашите предности и заедно да соработуваме .Под соработка се мисли на : образовна мобилност на учениците и наставниците ,градење на студиски програми,размена на примери од практиката,заеднички научни истражувања и сл."[29]

[29] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015,(2004), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија стр 32

## 8.Поддршка на реформите во образованието

Со започнување на реформите во образованието се отворија многу прашања за нејзино успешно реализирање.Се јавува потреба од институционална поддршка на реформите во образованието.Сите реформски .зафати како : стручно усовршување на наставникот, евалуацијатаво сите степени на образование, воведување на Болоњскиот систем во високото образование,воведување на деветолетка и сл бара голема институционална поддршка од институциите во земјата.

Институции кои се од голема важност за реализирање на образовните реформи се :

• Министерство за образование и наука на Република Македонија

• Државен просветен инспекторат

• Биро за развој на образованието

• Државен испитен центар

• Министерство за труд и социјална политика

• Единици на локална самоуправа

**Министерството за образование и наука** е орган одговорен за управните постапки од втор степен,во финансиите има управна и советодавна улога ,а во стручна смисла надлежностите ги извршува преку органите во неговиот состав.

Министерството за образование и наука ги има следните надлежности во однос на задолжителното образование: водење на централен регистар на училишта, одговара за условите за отварање или затворање на некоја образовна институција,контрола и ревизија за финансиското работење на некоја образовна институција, координирање на меѓународна соработка, врши нострифицирање на дипломи за основно и средно образование,соработка со НВО,и организирање на училишниот спорт на национално ниво,предлагање по еден претставник во Училишните одбори за да има увид во работата на училиштето,организација и реализирање на воннаставните активности (екскурзии,настава во природа,изложби и сл).

**Државен просветен инспекторат** врши надзор на исполнување на образовните стандарди, обезбедување квалитет на образованието,ефективност преку еваулација на работата на образовните установи,примена на законите ,прописите и сл од образованието.

Своите надлежности инспекторатот ги спроведува преку надзор на ;

- Услови за вршење на дејност на образовните установи
- Остварување на образовниот процес во училиштата
- Посебните услови за вработување наставници, стручни соработници нивното педагошко и стручно усовршување и полагање стручен испит за наставници
- Управување и раководење на воспитно-образовниот процес
- Реализација на наставните планови и програми и други пропишани правила за развој на воспитно - образовниот процес.
- Реализација на вонаставни активности
- Спроведување на конкурсот за запишување на учениците
- Педагошката евиденција и документација
- Следење на воспитно - образовниот процес за време на штрајк
- Работа на овластени инспектори во областа на образованието
- Примена на законаката регулатива во сите воспитно - образовни установи

## Биро за развој на образованието

БРО работи на развој и унапредување на целокупниот систем на воспитно - образовна работа.

Главни надлежности на БРО во однос на содржината на образованието се :

- Следење и проучување на резултатите на воспитната теорија и практика како и внесување на иновации во методите, формите на работа во образованието
- Изготвување на статии и други анализи за развојот на образованието
- Изработување и предлагање на наставнички планови и програми

• Изготвување на наставни планови и програми за изучување на мајчин јазик за децата на граѓаните на нашата татковина во странство

• Изработување и предлагање на стандарди и нормативи за наставниот кадар и наставни средства

• Изготвувања на стручни упатства и други материјали за актуелни прашања од образованието и воспитанието

• Предлагање нови содржини, форми ,методи и нивна експериментална програма

• Проучување и унапредување на наставната технологија и образовна практика

• Изработување програми за воннаставни активности

• Давање стручна помош на училиштата во делот на надарени и талентирани ученици

• Иницирање и учество во многу научни проекти за развој на образованието и следење на ефектите на нивната реализација

• Проучување на прашања поврзани за меѓународна соработка во областа на воспитанието и образованието

•Вршење и на други воспитно - образовни работи поврзани со образованието согласно законот

**Надлежности на БРО во врска со наставниот кадар:**

•Вршење на советодавна улога кај наставниците ,учителите, директорите и стручните соработници за планирање на воспитно - образовната работа

•Вршење на советодавна улога во врска на евалвацијата и само евалвацијата на работата на наставниците, директорите и др.

•Прибирање на податоци за образовната структура на наставниот кадар

•Испитување и утврдување на образовните потреби на наставниот кадар

•Предлагање програма за стручно усовршување на наставниот кадар

•Соработка со факултетите за стручно усовршување на наставниците и нивна соработка

**Надлежности на БРО во врска со издаваштвото:**

•Предлагање план и програма за изготвување на учебници за сите степени на образование
•Предлагање програми за експериментални учебници
•Перманентно следење на квалитетот на учебниците и разни образовни списанија
•Изготвување концепција за учебници и методологија за изготвување на учебниците
•Издавање на дидактички материјали за истражувачка работа на учениците
•Издавање прирачници и друга прирачна литературе за потребите на образованието
• Издавање списанија за теориски и практични прашања од областа на образованието и сл.
• Прибирање средување и чување педагошка документација која е од големо значење (учебници ,монографии,наставни планови и сл.)
• Набавување стручна литература и списанија за своја потреба

**Државниот испитен центар** е задолжен да извршува оценување на учениците преку национално оценување на учениците од основно и средно образование. Овој центар врши и полагање на државна матура како и полагање на стручни испити за средните стручни училишта. Клучни функции на државниот испитен центар се :

• Организирање и изведување на државна матура како и завршен испит за средното образование
• Организирање на национално оценување во основното и средното образование

• Воспоставување стандарди за системско следење на учениците и постигањата на учениците

• Учество и организирање на меѓународни тестирања кога би се спроведување во Република Македонија

• Обука и сертификација на наставници за интерно оценување

• Обука на наставници за користење на резултатите од екстерното оценување и испити

• Давање стручни услуги од областа на образовните мерења и оценувања

• Публификувања на материјали од областа на образовните мерења и оценувањето

**Министерството за труд и социјална политика** има најмногу влијание врз стручното образование и тоа :

• Основање на посебна единица за следење на образованието

• Согледува за потребите од стручен кадар и споредба со Пазар на трудот

• Давање мислење за уписната политика во стручните училишта

• Учествува во изготвување и ажурирање на регистер на стандарди на занимања

• Донесување и надзор на прописите за условите за заштита при реализација на стручна обука

**Единици на локална самоуправа**. По завршувањето на децентрализацијата, кон единиците за локална самоуправа се пренесуваат основачките и сопственичките права на основните и средни училишта. Тоа значи и одржување на училиштата или училишните објекти согласно пропишаните правила и стандарди, а подоцна и обезбедување на плата на вработените и инвестиции.Единицата за локална самоуправа учествува и во управување на училиштето преку свој член во Управниот одбор, а градоначалникот именува директор. Покрај овие права и обврски единиците за локална самоуправа може :

• „Да предлага промена на училишната мрежа преку основање или укинување на основни или средни училишта

• Да врши анализа на потребите на Пазар на труд на локално ниво

• Да доставува предлози до МОН за воведувања на нови образовни занимања и сл."[30]

## 9.Наставниот кадар и задолжителното образование

Република Македонија како и другите земји ја зафати процесот на глобализација и со развитокот на информатичката технологија се јавуваат нови потреби на знаења и образование. Овој процес неминовно го зафати и образованието, затоа се потребни и промени во образовниот профил на наставникот .Сите училишни кадри се наоѓаат во центар на општествените настојувања за подобрување на квалитетот на образовната работа и подигање на ефикасноста на воспитно – образовните институции.Значи се добива ново место и улога на образовните кадри, пред се на наставникот. Добиеното формално образование тешко може да ги следи новите потреби и промени ,затоа е потребно да се направи нов систем на иницијално образование и систем на професионално усовршување на наставниот кадар.

**Иницијално образование**

Иницијалното образование како првична професионална подготовка на наставниците во основно и средно образование во Македонија се остварува со различен пристап зависи дали се работи за одделенска или предметна настава.Од 1995-96 година иницијалното образование поминало на факултетско ниво во траење од 4 години. Одделенски наставници се школуваат на Педагошките академии во Скопје, Битола и Штип.Предметните наставници се образуваат на 6 факултети и тоа Филолошкиот, Филозофскиот, Природно-математичкиот, факултетот за музичка уметност, Факултетот за ликовна уметност, факултетот за физичка култура и ЈЕИ како и ФОН ,денес се отвараат и нови факултети и ако имаат дозвола од МОН може да едуцираат наставен кадар. Се

[30] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука на Р Македонија

јавуваат многу проблеми понатаму во наставата и затоа не може наставниците да останат само на своето иницијално образование треба постојано да се надградуваат и да се обучуваат, односно да ги следат новите образовни технологии.

Сериозен проблем кој заслужува внимание е и педагошката практика како значајна компонента на иницијалното образование.Последните неколку години се јавува тенденцијата за нејзино продолжување и проширувања.Кај нас сеуште не е доволно развиена и застапена и главно се реализира преку настава на соодветни методики со практика од еден семестар кое е сосема недоволно.Од големо значење е да и се даде поголема улога на практичката настава не само во времетраењето туку треба да се поработи и на содржината и начинот на реализирање.

Меѓу актуелните проблеми кои заслужуваат внимание во рамките на иницијалното образование на наставниците посебно ке ги насочиме следниве

- Прашење за избор на кандидати за вклучување во институциите на иницијалното образование(критериуми и механизми)
- Оспособување на наставниците по еден или два предмети
- Приправнички стаж и менторство како продолжена практична обука
- Програмската структура и карактерот на курикулумот

Недоволно осмислена професионална подготовка на наставниците предизвикува сериозни проблеми во воспитно образовниот систем.Големо внимание заслужува не само иницијалното образование, туку и континуираното образование .

**Професионално усовршување**

Професионалното усовршување на наставниците во основното образование се остварува на следните нивоа

- Државно или регионално –преку Бирото за развој на образованието
- Училишта – образовни институцииkако стручни активи на групи наставници или училишни тимови
- Симпозиуми за разни актуелни прашања од образованието

- Педагошки или стручни списанија ,весници,списанија и сл.

Според Законот за основно образовањние член 76 став 2 стручното и педагошко усовршување на наставниците го остваруваат Бирото за развој на образованието, наставничките факултети и други јавни приватни установи, според свои програми.

„Досегашните искуства покажуваат дека професионалниот развој на наставниците има низа недостатоци:

- Отсуство на утврдена политика за професионален развој на наставникот;
- Препуштеност на индивидуална иницијатива;
- Недовнолна материјална поддршка на училиштето и наставникот за негов професионален развој;
- Отсуство на стандарди и критериуми за професионален развој и напредување во кариерата;
- Недефиниран систем за обука;
- Отсуство на иницијативи за професионално усовршување на наставникот;
- Формализирање на менторскиот систем со приправници,
- Неизграден систем за акредитација"[31]

Се до пред неколку години професионалниот развој на наставниците беше сведен на минимум, односно наставниците не беа повикувани на семинари по неколку години во некој региони или се повика само еден наставник и, се беше останато на сопствена ин ицијатива.Воопшто не беше развиена и утврдена политиката за професионалниот развој на наставникот. Денес има напредок на ова поле, иако сеуште не се применети во целост тие промени. Во училиштата се отвораат професионални досиеја за наставниците во кои се собираат сите дипломи и сертификати на наставниците кои тие ги добиле од некои натпревари . Сеуште нема критериум (за наградување на наставниците според нивната заслуга) или сеуште не е применет во пракса .

[31] Национална програма за развој на образованието во република македонија 2005-2015 со придружни програмски документи,(2006), Скопје: Министерство на образование и наука на Република Македонија

Битен недостаток во професионалното усовршување на наставникот е и материјалната поддршка на наставникот .Наставниците немаат скоро никаква материјална поддршка за професионално усовршување или посета на семинари .Се добива финансиски надоместок само за пат и тоа е се. Од неодамна наставниците немаат ни дневници за задолжителните семинари. Ова се негативно влијае на наставниците ,а и врз образовните процеси.

**Професионален развој на наставниците и доживотно учење**

Доживотното учење и професионалниот развој на наставниците претставува една целина и треба да се промовираат како природно поврзани и меѓусебни процеси. Доживотното учење и професионалниот развој на наставниците имаат смисла ако се поврзани со унапредување на квалитетот на образованието на ученикот.

Најголем број на експерти истакнуваат дека професионализацијата на наставниците е предуслов за успешно унапредување на квалитетот на образованието и дека тоа е од голем интерес за оние кои ја креираат образовната политика. Токму затоа е потребно воведување и развивање на концептот за професионален развој на наставниците.

Усовршување на наставникот има свое посебно значење. Потребата на нашето време изразена со ставот постојано да се учи е од особена важност токму за наставничката дејност. Создавањето стимулативни општествени и професионални услови за кариерен развој на наставникот значително ќе го промени односот на наставникот кон сопствениот професионален развој.

Прашањата кои се однесуваат на образиванието на наставниците и обучувачите се дел од голем број на иницијативи на европско и светско рамниште како :Декларација – Образование за сите, Резолуција за доживотно учење ,Акционен план за вештини и мобилност, Болоњскиот процес , Акционен план за е-учење и работата на ЕУРИДИЦЕ и на меѓународнио организации како УНЕСКО и ОЕЦД.

**Наставникот лик на 21 век**

Наставникот како лик на 21 век треба да постојано стручно и професионално да се оспособува..Програмите за иницијална обука на наставниците треба да се променливи и да се во постојан развој. Тие треба да ги подготвуваат идните наставници за поактривно превземање на професионалните обвски кои се очекуваат од нив. Наставниците треба постојано да размислуваат за природата на образовниот систем и да придонесуваат за самиот процес на промени. Поради тоа при дефинирање на студиските програми за иницијално образованиуе на наставниците мора да се води сметка за :

1. Стручноста која е традиционална карактеристика на добриот наставник и таа останува од голема важност;
2. Педагошки компетенции –наставникот треба да биде компетентен на општо-педагошки и дидактички план за да може да пренесе широка лепеза на знаење и вештини;
3. Компетентност за употреба на образовната технологија-ИКТ, е клучна карактеристика за професионалноста на наставникот, најважно е технологијата да се интегрира во стратегиите за учење.;
4. Организациски компетенции и способност за тимска работа;
5. Флексибилност- наставникот мора да прифати дека барањата можат да се променат неколку пати во неговата кариера и не требас да дава отпор кон промените;
6. Отвореност е способност која наставникот мора да ја има за работа како со децата така и со родителите;

Мислам дека при формулирање на студиските програми за наставниците не се води сметка за многу важни работи при упис. Секој конкурент не може да работи како наставник, треба посериозно да се пристапува кон психолошките тестови при упис на наставничките факултети, односно само на Педагошкиот факилтет има вакви тестирања, а и таму не се применуваат со голема сериозност, па затоа се запишуваат неадекватни кадри. На предметните факултети и нема такви тестирања и таму се запишуваат педагошки неадекватни кадри.

Треба да се внимава на овој сегмент од образование на наставникот и само така ќе добиеме наставник на 21 век секогаш спремен за промени и предизвици што го носи новото време.

**Услови и критериуми за напредување во кариерата**

**НАСТАВНИЦИ**

Наставник почетник

- „Универзитетски степен
- Компетенции за базично ниво во стручното подрачје
- Завршена студиска програма за професионално едагошко усовршување
- Базично информатичко образование
- Здравствено уверение
- Психолошки профил
- Евалвација- интерна – самопроцена, ученици, ментор, директор и екстерна – од родители, советници и инспектори
- Времетраење – една година

Наставник

- Универзитетски степен
- Најмалку една година искуство како наставник почетник
- Стекната лиценца за наставник
- Употреба на компјутерски апликации
- Психолошки профил
- Здравствено уверение

Истакнат наставник

- Најмалку четири години работно искуство како наставник
- Објавени трудови во стручен печат
- Учество во проекти
- Мининум 200 часа обука од соодветни области
- Учество во стручни тела и органи во училиштето

- Изработена сопствена стручна библиографија
- Соработува со локалната заедница
- Здравствено уверение
- Волонтерска училишна работа
- Употреба на стручна литература
- Менторство на наставници и ученици
- Проектна настава
- Учество во комисија за изработка на наставни програми
- Остварува соработка – интерна и екстерна
- Евалвација интерна и екстерна

Наставник ментор

- Најмалку 6 години работник како истакнат наставник
- Иновации во наставата
- Национални проекти
- Употреба на современа литература
- Проектна активност на меѓународно ниво
- Публикување на стручна и педагошка литература
- Менторство во проектни обуки на наставници
- Учество на државни ,меѓународни собири
- Развивање на материјали за учење, дидактички материјали
- Остварува соработка -интерна и екстерна
- Евалвација – интерна и екстерна
- Добиени одреде број на кредити регулирани со посебен превилник за напредување"[32]

Напредувањето на кариерата на наставниците бара системско решение со прецизно дефинирање на сите аспекти за преминување од едно на друго нива, мора да се изработи јасен правилник за напредување на наставниците.

Иако на хартија како и јас што напишав погоре се е напишано доследно, но примената оди многу тешко. Немаме прецизни правилници за напредување на

[32] Исто

наставникот. Како и секоја промена и оваа тешко е прифатена од некои постари наставници кои одбиваат поактивно да се вклучат во обуките и семинарите, а со тоа и не можат да се вклучат во новите образовни процеси. Треба прецизно да се дефинираат сите аспекти на рангирање на наставниците, за да нема влијание од некој фактори кои воопшто не се поврзани со образованието.

Еднаш стекнатите звања треба да немаат траен карактер. Наставниците треба цел работен стаж да се усовршуваат и да ги применуваат своите знаења и со тоа да го подобруваат образованието. Во разни земји различно е поставен и регулиран процесот на стручно усовршување на наставниците.

## 10. КОМУНИКАЦИЈА, СОРАБОТКА И КООРДИНАЦИЈА МЕЃУ РАЗЛИЧНИ СУБЈЕКТИ И НИВОА

„Постои недостаток на комуникација меѓу МОН и училиштата како и меѓу училиштата и општините. Во првата ситуација, училиштата често имаат проблеми да реализираат контакти со претставници од МОН и во втората ситуација постои недостаток од комуникација меѓу училиштата и општините. Во многу случаи општините немаат стратешки планови за образовнаието . Развојот на таквите планови би го подобрил овој однос во голема мера.“ [33]

Директорите честопати имаат потешкотии да стапат во контакт со градоначалникот и со членовите на општинскиот совет за да дискутираат за прашања околу образованието. Покрај тоа што има два претставника од општината во секој училишен одбор, преносот на информации е секогаш транспарентен или чист.

Во последните години голем акцент се става на соработката со родителите. Соработката со родителите игра битна улога за подобрување на работата на училиштето. Соработката започнува уште во одделенијата на родителските состаноци.Родителите на овие состаноци се договараат за сите битни работи поврзани са учениците како и нивните активности (екскурзии, излети, настава во

[33] Ананиев, Ј. (2008), Образование и децентрализација:Скопје стр 13

природа и др). Родителите од одделението избираат свој претставник ва Советот на родители на училиштето.
Советот на родители има големо влијание во раководење на училиштето. Советот на родители дава мислење за програмата за развој на училиштето, годишниот детален план на училиштето, советот исто така ги разгледува и извештаите за наставата и тешкотиите, желбите на родителите во врска со работата на училиштето, соработува во организирање на ученички екскурзии и сл. Соработката меѓу училиштето, наставниците и Советот на родители треба да е највисоко ниво .

**♣Финансиски аспекти на децентрализацијата и образобанието**

Финансирањето се смета зе еден од најважните фактори во образовниот систем. Тоа опфаќааспекти вклучувајќи ги критериумите за финансирање и соодветен буџет којшто би ги покрил финансиските трошоци на сите образовни компоненти.

Образовни компоненти се:

- платите на наставниот кадар;
- одржување на училишната зграда;
- училишната опрема;
- превоз на учениците;

До јуни 2007 год. основното и средното образование и нивното функционирање се наоѓа под целосна контрола на државата. Потоа беше одлучено државата да ги пренесе овие надлежности на локално ниво и со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа да се делат блок податоци, за основното и средното образование.

Блок дотации се грантовикоишто ќе покријат:

- плати за наставниците и
- средства за одржување на училиштата

Значи надлежносните од основното и средното ниво се префрлаат од централната на локалната власт, без намалување на финансиските средства.

Оние општини кои не преминале во фаза II од децентрализацијата ќе продолжат да ја употребуваат временската формула за финансирање.

„Пред постоењето на блок дотациите во јануари 2007 год. беше важечка временска формула според којашто:

а) платите на наставниците требаше да им се исплаќаат директно од страна на државата на училиштата;

б) трошоците за одржување на училишните згради и трошоците за превоз на учениците треба да се префрлат од државата на општините како наменски додатоци

в) фондовите за реконструкција и изградба треба да се префрлат од државата на општините како капитални донации"[34]

Финасирањето претставува еден од клучните проблеми кои локалната самоуправа треба во идниот период да ги реши. Со тенденција за слабеење на финансиската партиципација од страна на државата, најголемиот товар во развој на општините, а со тоа и на образованието, ќе падне на локалните буџети.

Децентрализацијата ќе предизвика одговорност за работната сила и давателите на услуги постепено да се пренесе од централната на локалната власт.

Финансирањето е битен сегмент и затоа треба посебно да се обрне влијание на овој дел. Со продолжување на задолжителното образование се јавуваат многу недостатоци, пред се во училишната мрежа се поставува прашањето "Дали училиштата ќе имаат доволно капацитет да ги примат сите ученици кои ќе поднесат документи?". Министерството за образование и наука секаде каде што треба ќе помогне за проширување на капацитетите и задоволување на потребите на учениците. Сите регионални центри се добро подготвени и има место за сите пријавени кандидати пр: учениците од Крива Паланка и Ранковци се запишуваат во Куманово .

[34] Ананиев, Ј. (2008), Образование и децентрализација: Скопје стр24

Зголемувањето на задолжителното образование многу финансиски влијае на државата сите права на учениците во основно образование сега треба да ги имаат и средношколците тоа се : превоз,бесплатно сместување ,учебници и др.Со децентрализацијата дел од одговорностите преминуваат на локалната самоуправа и голема одговорност паѓа на општините. Продолжување на задолжителното образование е позитивна појава, но како како ќе се издржи финансиски ќе видиме во иднина .

## 11. ДИНАМИКА НА ВОВЕДУВАЊЕ НА ДЕВЕТОГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

| | П | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Генерација | | | | | | | | | | | |
| 2003/04 | | I | | | | | | | | | |
| 2004/05 | П | I | II | | | | | | | | |
| 2005/06 | П | I | II | III | | | | | | | |
| 2006/07 | П | I | II | III | IV | | | | | | |
| 2007/08 | | I<br>I | II | III | IV | V | | | | | Воведување иновирани програми во I одделение (за генерацијата 2006/07)<br>Воведување на нови програми во I одделениеза деветогодишното основно училиште. |
| 2008/09 | | I | II | III | IV | V | VI | | | | Воведување нови програми во II и III одделение. Воведување иновирани програми во VI одделение (за генерација 2003/04) |
| 2009/10 | | I | II | III | IV | V | VI | VII | | | Воведување нови програми во IV одделен.<br>Воведување на иновирани програми во VII одделение. |
| 2010/11 | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | | Воведување на нови програми во V одделение.<br>Воведување иновирани програми во VIII одделение |
| 2011/12 | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | | Воведување на нови програми во VIодд |
| 2010/13 | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | | Во три учебни години сукцесивно се воведуваат нови наставни програми за VII, VIII и IX одделение кои се еквивалентни на иновираните програми за VI, VII и VIII одделение воведени во 2008/09. |
| 2013/14 | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | | |
| 2014/15 | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | |

„Во моментот на воведувањето на деветогодишното основно образование во училиштето се опфатени генерации коишто се школуваат според развојни програми и тоа:

- генерации запишани во осумгодишни основно образование;
- генерации запишани во задолжително основно образование коешто вклушува подготвителна година;
- генерација којашто ќе го започне образованието по новите програми за деветогодишно основно образование;

- Во 2007/08 се воведуваат нови наставни програми за I одделение за учениците коишто се запишат во деветогодишното основно училиште а за генерацијата 2006/07 се воведуваат иновирани наставни програми за I одделение, кои ќе се темелат на стандардите поставени со програмата за подготвителната година, како и со нови програми за прво и второ одделение за деветогодишно основно образование.

- Во 2008/09 се воведуваат ниови наставни програми за II и III одделение за генерацијата 2006/07;
- Во 2009/10 се воведуваат нови наставни програми за IV одделение и тоа за генерацијата 2006/07;
- Во 2010/11 се воведуваат нови наставни програми за V одделение и тоа за генерацијата 2006/07;
- Во 2011/12 се воведуваат нови наставни програми за VI одделение и тоа за генерацијата 2006/07;
- Сите наставни програми за деветогодишното основно образование се воведуваат во период од пет години, од учебната 2007/08 до 2010/12;
- Иновираните програми за VI, VII и VIII одд. што ќе се применуваат од 2008/09 до 2010/11 се еквивалентни со наставните програми за VII , VIII и IX одд. на новото деветогодишно основно образование"[35]

Активности и вердносна мерка и одговорни институции за воведување на деветогодишното основно образование.

[35] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование,(2007),Скопје: Биро за развој на образованието стр 129

| | АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКИ РАМКИ | ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ |
|---|---|---|---|
| 1. | Донесување на концепцијата за деветогодишното основно образование | март 2007 година | Министар за образование и наука |
| 2. | Нормативно регулирање (нов закон за основно образование и подзаконски акти) | април 2007 година | Министерство за образование и наука Собрание на РМ |
| 3. | Финансиски импликации од воведувањето | | |
| | АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКИ РАМКИ | ОДГОВОРНИ ИНСТИТУЦИИ |
| 9. | Донесување на нови програми за подготвителната година (за децата на возраст од 5 до 6 години) во градинките | мај 2007 | Министерство за образование и наука во соработка со Министерство за труд и социјална политика, основнит училишта и јавните градинки |
| 10 | Распишување конкурс за нови учебници за I одделение | мај 2007 | Педагошка служба |
| 11 | Информативни средби и советување со директорите на основните училишта , стручните служби во училиштата и советници за образование при единиците на локалната самоуправа | април - јуни 2007 година | Биро за развој на образованието Министерство за образование и наука |
| 12 | Информативни средби и советувања со директорите и стручните служби на јавните градинки за новите основи на програмата за подготвителната година | јуни 2007 година | Биро за развој на образованието |
| 13 | Обука на наставниците за предучилишно воспитание и одделенските наставници за новите и иновираните наставни програми за I одделение | јуни - август 2007 | Биро за развој на образованието |
| 14 | Изёработка на нови наставни програми за II и III одделение | јуни 2007 | Биро за развој на образованието со надворешни соработници |
| 15 | Следење, советодавно-инструктивна работа со наставниците за предучилишно воспитание и одделенските наставници во I одделение според новите наставни програми | септември-декември 2007 | Биро за развој на образованието Основни училишта Државен просветен инспекторат |
| 16 | Динамика на воведувањето на деветогодишното образование продолжува според активностите предвидени со Концепцијата | во текот на 2008 година и во наредните години | МОН, БРО, ПС, ЗЕЛС, итн |

Воведување на задолжително средно образование започна пред три години практично, секако додека да дојде до оваа реализација се работело неколку години пред тоа. Сега во средните училишта учат ученици кое средното

образование не им е задолжително и за нив нема бесплатен превоз, сместување и сл. и другата група каде образованието е задолжително.

## 12.ПАЗАР НА ТРУД И ОБРАЗОВАНИЕТО

Агенцијата за вработување на Република Македонија спроведе анкета на работодавачите и врз основа на добиените податоци се изготви Национален извештај од анализата на потребите од вистина на пазарот на трудот во Република Македонија.

Истражувањања во рамките на анализата дава значајни сознанија и во однос на постојаната демографска структура на вработените .

- Податоците за половата структура покажува дека во анкетираните претпријатија релативно помала е ангажираноста на женската работна структура.

- Податоците за старосната структура на вработените покажуваат дека преовладува застапеност на лицата на средната возраст т.е. 71,1 % се на возраст од 30 до 54 год. Учеството на младите до 29 годишна возраст избесува 18,4 % и може да се оцени како мо́гне мало. Ваквата состојба е условена од малиот број на нови вработувања на младите во последните години.

Во врска со барањата за посебни знаења и вештина на лицата кои во наредниот период ќе бидат вработени, истражувањата покажуваат дека покрај основната професија најмногу се бара познавањето на странски јазик, како и информатишката технологија и основните компјутерски ампликации. Тоа се однесува како за лицата со работно искуство, така и за оние без искуство.

Структурата на евидентираните вработени лица степенот на образование е крајно неповолна, бидејќи дел од нов се неквалификувани и полуквалификувани односно:

190840 се неквалификувани и полуквалификувани (51,4%)

92089 се со завршено средно струшно образование (24,8%)

62607 се квалификувани и високо квалификувани (16,89%)

6450 се со вишо образование (1,7%)

18948 се со високо образование (5,1%)

Од вкупно завршени средношколци најголем дело д нив 37% се со завршена гимназија. Ваквата структура може да се оцени како многу неповолна поради голем број на гимназијалци.коишто потешко наоѓаат вработување. Се јавува недостиг на работна сила со средно стручно образование, бидејќи повеќе се запишуваат општа гимназија.

Од аспект на проблем на дефицитарните кадри може да се констатира следното:

- „Дефицит на лица со завршено средно образование и тоа (конфекциски техничари, графички техничари, техничари за преработка на дрво, машински техничари, заварувачи и др.)

-Недостиг на квалификуван кадар (конфекционери, шивачи на крзно, чевлари, ѕидари, пекари, возачи на товарни возила, армирачи и др.

- Полуквалификувани работници недостиг од конфекциски шивачи, шивачи на тешка и лесна конфекција, полјоделски работници, лозарски работници и сл.

Новите вработувања ќе бидат реализирани пред се на квалификуваниот кадар и лица со завршено средно образование.

Недостатокот од одредени знаења според занкетите, а ги опфаќа сите образовни нивоа, во најголем дел се одбесува на профитирање од конфекционерството. Значајно е да се истакне дека работодавачите ја потенцираат потребата од веќе обучен кадар, односно лица со работно искуство.

Дополнителните вештини кои ги поседуваат лицата кои се бараат на пазарот на трудот исто така, имаат големо влијание при изборот за пополнување на слободните работни места. Притоа како просторно се издвојува познавањето на странски јазик и компјутерски вештини."[36]

Значи битен сегмент во ова прашање е добивањето на квалификации по завршувањето на средното образование и со тоа стануваме конкурентни на пазарот на труд.

[36] Нацрт програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, (2004), Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија
Мисија на образовниот систем на Република Македонија ,Министерство за образование на Република македонија

## 13. ИСКУСТВО ОД ПРАКТИКАТА

Во последната деценија дојде до големи промени во образовниот систем, па и во општеството воопшто.

Од науката се бараат нови решенија. Брзината на пренесување на информации постојано расте. Се продлабочува јазот развиените и неразвиените земји во светот како и богатите и сиромашните во една држава. Во такви услови се менуваат системите на вредностите, а со тоа и начинот на живеење.

Во ваквите околности, училиштата не се снаоѓаат најсоодветно. Новите барања наидуваат на отпор од страна на просветните лица, промените ги уништуваат ,,добрите стари времиња" и токму поради тоа прашањата се решаваат бавно.

Затворениот начин на работа, доведува до тоа да се продуцираат кадри кои се несоодветно подготвени и не ги прифаќаат реформите целосно. Сепак имаат и покрај застареност начин на работа и тешкото прифаќање на реформите со вложен труд реформите се спроведуваат и за неколку години мислам дека ќе имаме позитивна оценка за образовните реформи само треба упорно да работиме во реализирањето на нашата цел – образовни реформи.

Во нашите училишта ќе се едуцираат индивидуи способни да се справат со предизвиците на времето во коешто живееме и работиме. Ќе формираме општество на поактивни граѓани, значи образованието добива важна улога во новото општество.

## III . МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

### 1. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување се реформите во задолжителното образование во Македонија и Европа. Преку истржувањето треба да се согледаат и проучат образовните реформи во образовните установи во Македонија, кои слабости ги има и какви измени е потребно да се направат за да се подобри квалитетот. Овој проблем се согледува врз основа на историски податоци добиени со истражувањето, а кои се однесуваат на повеќе негови релевантни аспекти и тоа: како се сфаќа суштината на реформите во задолжителното образование од страна на учениците, наставниците и родителите, кои се пречките кои ги оневозможуваат или отежнуваат реформите во задолжителното образование, дали и колку се оспособени наставниците за успешно реализирање на реформите и што предлагаат наставниците, учениците, родителите и советниците од БРО да се направи со цел да се подобри квалитетот на образованието.

### 2. Значење на истражувањето

Реформите во задолжителното образование се основа за квалитетно извршување на воспитно - образовната работа во училиштето. Нашето истражување е насочено кон согледување на состојбите во врска со поврзаноста на предучилишното, основното и средно образование и правилно имплементирање на реформите во училиштата. Основна цел на ова истражување е да се проучи проблемот од повеќе аспекти и тргнувајќи од добиените сознанија да понудиме решенија со кои ќе се подобри реализацијата и имплементацијата на образовните реформи.

## 3. Оновни поими содржани во предметот на истражување

Во предметот на ова истражување се опфатени следниве поими: образовни реформи, задолжително образование, наставник и училиште:

> образовни реформи - менување на постојната состојба во образованието, преоформување, подобрување и др.;

> задалжително образование - воспитно - образовен циклус кој е задолжителен за секоја единка и трае во два дела и тоа: основно образование и средно образование

> наставник - лице кое е квалификувано за изведување на настава;

> училиште - задолжителна образовна установа во која се остварува образование, кое претставува темел за подобро општество;

### 4. Цел и задачи на истражувањето

Основна цел на истражувањето е да се опише и да се прикаже како се остваруваат реформите во задолжителното образование, да се согледаат постојните слабости и измените што е, потребно да се направат за да се подобри квалитетот во образовниот процес.

Со оглед на поставениот проблем и целта на истражувањето, како посебни задачи се поставуваат:

> Да се испита какво мислење имаат наставниците, учениците и родителите во врска со потребата од реформи во образованието;

> Да се утврдат условите за реформи во задолжителното образование;

> Да се утврдат можностите за реформите во задолжителното образование;

> Да се согледаат разликите во образовните реформи меѓу Македонија и Европа;

> Да се согледа дали постои потреба за стручно усовршување на наставниците за подобро имплементирање на образовните реформи;

> Да се утврди дали има причини кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат имплементацијата на реформите во образованието;

> Да се испита дали кај наставниците преовладува позитивен или негативен став кон образовните реформи.

**5. Хипотези на истражувањето**

Во врска со проблемот што е предмет на истражување, формирани се следните хипотези:

**Главна хипотеза:**

Реформите во задолжителното образование не се остваруваат успешно и постојат слабости во нивната имплементација.

**Помошни хипотези:**

1. Наставниците, учениците и родителите имаат различно мислење во однос на потребата од реформи во задолжителното образование;
2. Наставниците имаат потреба од стручно усовршување за подобра реализација на реформите;
3. Наставните планови и програми не се целосно подготвени за реформата во задолжителното образование;
4. Условите за реформа во задолжителното образование не се на задоволително ниво;
5. Постојат повеќе причини што ги оневозможуваат или ги отежнуваат реформите во задолжителното образование;
6.. Родителите и учениците не се доволно информирани за потребата од реформи во задолжителното образование
7. Наставната практика ја потврдува објективноста на ставовите и мислењата на наставниците и учениците.

**6. Варијабли во истражувањето**

**Зависни варијабли** во ова истражување се ставовите и мислењето на наставниците, учениците и родителите.

Бидејќи, ставот и мислењето се субјективни категории и претставуваат значаен извор за добивање на истражувачки податоци, ги разгледуваме како зависна варијабла која низ истражувањето не води до одредени сознанија.

**Независна варијабла** се реформите во задолжително образование .

**7. Методи, техники и инструменти на истражувањето**

Во согласност со поставената цел и задачи во истражувањето беа користени следниве методи:

> дескриптивно-аналитички метод:

> компаративен метод

Од техниките за прибирање на податоци се применети:

- ✓ Анализа на документи
- ✓ Техника на анкетирање

Техниката на анализа на документација е користена при проучување и анализирање на повеќе педагошки документи, од кои примарни беа:

> Законот за основно образование;

> Законот за средно образование;

> Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование.

**Техниката анкетирање** е користена, за да ги дознаеме ставовите и мислењата на наставниците, родителите, учениците. При анкетирањето како инструменти за прибирање податоци се користат три вида прашалници и тоа:

> прашалник за наставници;

> прашалник за родители;

> прашалник за ученици;

Прашањата од трите прашалника се главно комбинација од прашања од затворен и отворен тип, анкетирањето е анонимно, со цел да добиеме поискрени одговори од страна на испитуваните субјекти.

**8. Примерок**

Примерокот е случаен стратификуван, по пат на случаен избор се избрани седум училишта.

**Табела 1 :Табеларен приказ на примерокот анкетирани наставници,родители и деца.**

| | **Наставници** | **родители** | **ученици** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| ОУ "Димо Хаџи Димов" -Скопје | 10 | 10 | 26 | 46 |
| ОУ "Х.Т.Карпош" - Ранковци | 10 | 10 | 16 | 26 |
| ОУ "Јоаким Крчовски" Крива Паланка | 10 | 11 | 25 | 46 |
| ОУ "Вук Караџик" -Куманово | 10 | 19 | 19 | 48 |
| ОУ "Браќа Миладиновци" Куманово | 10 | 22 | 24 | 56 |
| ОУ "Илинден" Крива Паланка | 10 | 12 | 16 | 38 |
| ОУ"Наум Наумовски Борче"-Маџари Скопје | 7 | 11 | 22 | 40 |
| Вкупно | 67 | 95 | 148 | 300 |
| % | 22,33% | 31,66% | 49,33% | 100% |

Во истражувањето се анкетирани три категории на субјекти и тоа: наставници, родители, ученици. Согласност потребите на истражувањето се анкетирани основните училишта од внатрешноста на РМ (Кр. Паланка и Ранковце) училишта од Скопје и Куманово.

**9. Организација и тек на истражувањето**

Теренскиот дел од истражувањето е реализирано во период од три месеци, во тој период се анкетирани сите субјекти кои го сочинуваат примерокот. Истражувањето започнаво согласност со училиштата, родителите и наставниците.

За целокупна организација и тек на истражувањето беа потребни шест месеци.

**<u>10. Обработка на податоците</u>**

Со оглед на целите кои беа поставени со оваа истражување, обработката на добиените податоци е направена со примена на постапките на квалитетна и квантитетна анализа.

Податоците се претставени табеларно, графички и бројчано истите ќе бидат компјутерски изработени.

# IV. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

**Графикон 1 :Графички приказ на примерокот анкетирани наставници, родители и ученици.**




Со прашањата се добиваат податоци за тоа како се воведуваат реформите во образованието, дали има услови и можности за тоа, дали се задоволни од промените родителите, наставниците и учениците.

Анкетирани се вкупно 300 испитаници, и тоа: 67 - анкетирани наставници, 95 - анкетирани родители и 148 - анкетирани ученици.

## Мислење на наставниците, родителите и учениците за потребата од реформи во образованието

Во продолжение следи компаративна анализа на мислењата на анкетираните субјекти (наставници ,родители и ученици)

**Табела 2 : Што е задолжително образование.**

| | ПРАШАЊЕ | ОДГОВОР | а | б | в | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Што подразбирате под реформи задолжително образование | А)промени<br>Б)преобразба<br>Б)прераспределби | 56 | 9 | 2 | 67 | |
| | | | 83,58 | 13,43 | 2,98 | 100 % | |

Од табелата може да заклучиме дека 84% од анкетираните наставници се изјасниле дека правилно го разбираат основното значење на промените со кои понатаму подетално ќе се позанимаваме, 13 % сметаат дека реформите претставуваат преобразба, а само 3% од анкетирани наставници сметаат дека реформи се прераспределби во образованието.На графиконот јасно се гледа процентуалноста на одговорите.

**Графикон 2: Што е задолжително образование ?**




Како што може да се види од графиконот 2 од вкупниот број на испитаници 83,58% одговориле дека реформите во образованието всушност претставуваат промена во образовниот систем.

Во врска со мислењата на наставниците за реформите во образованието истражувањето покажува дека повеќе од половина наставници се согласиле дека е потребна реформа во образованието.

**Табела 3 : Ставови на наставниците за потребата од реформи во образованието**

| тавови на наставниците | Сосема се согласувам | | Делумно се согласувам | | Делумно не се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Не знам | | X |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| формите се потребн во секое поле на дејствување | f | 22 | f | 36 | f | 6 | f | / | f | 3 | 3.25 |
| | % | 32,83 | % | 53,73 | % | 8,95 | % | / | % | 4,47 | |
| формите во образован требаше да се изведат пред пет години | f | 14 | f | 30 | f | 9 | f | 2 | f | 12 | 3.01 |
| | % | 20,89 | % | 44,77 | % | 13.43 | % | 2,98 | % | 17,91 | |
| Задоволен/на сум од почетоците на реформите | f | 12 | f | 28 | f | 12 | f | 11 | f | 4 | 2.65 |
| | % | 17,91 | % | 41,79 | % | 17,91 | % | 16,41 | % | 5,97 | |
| Мисе допаѓа новата прераспредба во образованието 3+3+3 | f | 16 | f | 28 | f | 11 | f | 8 | f | 4 | 2.82 |
| | % | 23,88 | % | 41,79 | % | 16,41 | % | 11,94 | % | 5,97 | |
| и се допаѓа средното бразование да стане задолжително | f | 32 | f | 15 | f | 11 | f | 8 | f | 1 | 3.07 |
| | % | 47,76 | % | 22,38 | % | 16,41 | % | 11,94 | % | 1,49 | |

Како што може да се види од табелата со Ликертова скала на процена се анкетираат некои поважни прашања. Во однос на првото прашање од табелата анкетираните се вкупно 67 наставници, 22 наставника или 33% сосема се согласуваат со тврдењето да има реформи во секое поле на дејствување,

повеќе од половината односно 54 % одговориле дека делумно се согласиле, да има реформи во секое поле на дејствување, многу мал процент или само 9% делумно не се согласуваат со ова тврдење. Имаме позитивен став на наставниците за потребата на реформи во секое поле на дејствување

Кај третото прашање во однос на ставот „ задоволен сум со реформите " многу мал број наставници, само 18 % се изјасниле дека потполно се задоволни со реформите, додека 42% делумно се задоволни од реформите, значи сепак можеме да заклучиме дека 60 % од наставниците се задоволни од реформите, тоа го потврдуваме и со пресметаната аритметичка средина, каде што можеме да забележиме дека најмногу одговори има за вториот став- делумно се согласувам. За полесно да го согледаме ова прашање го претставуваме и графички.

**Графикон 3: Мислење на наставниците за почетоците на реформите во образованието.**




Од графиконот јасно се гледа дека повеќе од половина анкетирани наставници се задоволни од почетокот на реформите, но со извесни пропусти . Нема доволна координација меѓу институции како МОН и Биро за развој на образованието и слично, нема доволно семинари за поедини предмети, па

наставниците сами се снаоѓаат. Сметаме дека теоретски реформите се доволно обработени, ама практично не се пробани како пробна програма. Реформите се добри за образованието само треба време додека целосно не се имплементираат во образовниот систем .

Во однос на последното прашање од 67 наставници 32 наставника или 47,76% одговориле дека сосема се согласиле, 15 наставника или 22,38% делумно се согласиле, значи повеќе од половина одговориле позитивно, и се согласуваат средното образование да стане задолжително и заземаат позитивен став. За посебно да го согледаме ова прашање ќе го претставиме графички:

**Графикон 4: Ставови на наставниците за потребите средното образование да стане задолжително**




Иако има низ пропусти средното образование стана задолжително. Децата подобро ќе се воспитуваат, ако се во училиште настрана од сите пороци кои ги демнат секојдневно, а и со продолжувањето на задолжителното образование се следат и светските трендови во образованието.

На следниот графикон е претставено мислењето на учениците за потреба од реформи во образованието:

**Табела 4:** Мислење на учениците за потребата од реформи во образованието.

| | ПРАШАЊЕ | ОДГОВОР | да | не | Не знам | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Според ваше мислење дали се потребни реформи во образованието | f | 94 | 34 | 20 | 148 |
| | | % | 63.51 | 22.97 | 13.51 | 100 % |

**Графикон 5: Мислење на учениците за потребата од реформи во образованието.**




Прашањето го претставивме и графички и табеларно, за да може подобро да се видат мислењето на учениците за реформите и јасно се гледа дека повеќето ученици, односно 63,51 % мислат дека е потребно реформи во образованието .

Значи се согласуваат мислењата на наставниците, родителите и учениците за потребата од реформа во образованието.

## Мислење на наставниците, родителите и учениците за условите и можностите за реформите во образованието

За да се спроведат реформи во било кое поле на дејствување треба претходно да се обезбедат потребни услови,затоа понатаму ќе го анализираме мислењето на анкетираните субјекти (наставник, родител и ученик) за ова прашање.

Во следната табела се испитуваат ставовите и мислењата на наставниците за условите за реформи во образованието и начинот за спроведување на реформите

Во однос на првото прашање - МОН да обезбеди посебни услови за реформи одговориле потврдно 54 наставници или 80,54% од вкупните наставници.Ова го потврдуваме и со пресметаната аритметичка средина каде што можеме да забележиме дека најмногу одговори има за првиот став „ сосема се согласувам ". Ова значи дека наставниците мислат дека треба да се обезбедат посебни услови за успешни реформи во образованието.

На почетокот наставниците не беа неподготвени и затоа се бараше обука во секое поле на дејствување, бидејќи овие реформи го менуваат целиот систем ,посебно во основното образование. Посебно треба да се нагласи дека просторот на училиштата не одговара за ученици на помала возраст, нема доволно празни училници соодветно маси и столчиња за новите ученици, нема доволно обучен кадар и слични навидум мали проблеми ,но со големо значење .Како и во секоја промена или реформа и во образованието овие се нормални случаи кои се решаваат се со цел реформата да продолжи за подобро и европско образование .

Ова прашање за условите за реформа на образованието ке го претставиме и графички, за да **може јасно да се согледаат резултатите :**

**Графикон 6: Мислење на наставниците за условите за реформа во образованието.**



**Табела 5: Ставовите на наставниците за условите и можностите за реформа во образованието.**

| :авови на ıставниците | Сосема се согласувам | | Делумно се согласувам | | Делумно не се согласувам | | Воопшто не се соглас. | | Не знам | | Вкупно | | X |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЭН треба да езбеди посебни лови и реформи задолжителното разование | f | 54 | f | 8 | f | 1 | f | 1 | f | 3 | f | 67 | 3.79 |
| | % | 80.59 | % | 11.94 | % | 1.49 | % | 1.49 | % | 4.47 | % | 100 | |
| и се допаѓа чинот на кој се ıмплементираат формите во разованието | f | 15 | f | 32 | f | 12 | f | 4 | f | 4 | f | 67 | 2.92 |
| | % | 22.38 | % | 47.76 | % | 17.91 | % | 5.97 | % | 5.97 | % | 100 | |
| ислам дека еба да го чуваме традиц. чин на образовани оваа земја | f | 11 | f | 27 | f | 19 | f | 9 | f | 1 | f | 67 | 2.60 |
| | % | 16.41 | % | 40.29 | % | 28.35 | % | 13.43 | % | 1.49 | % | 100 | |
| ислам дека оваа мја има можност спроведе успешни форми во разованието | f | 35 | f | 22 | f | 3 | f | 2 | f | 5 | f | 67 | 3.45 |
| | % | 52.23 | % | 32.83 | % | 4.47 | % | 2.98 | % | 7.46 | % | 100 | |
| ислам дека треба веќе да се грижиме сите ички групи да дат еднакво лучени во разованието. | f | 36 | f | 14 | f | 11 | f | 5 | f | 1 | f | 67 | 3.22 |
| | % | 53.73 | % | 20.89 | % | 16.41 | % | 7.46 | % | 1.49 | % | 100 | |

На следното прашање се дава мислењето на учениците за новите можности кои учениците ќе ги имаат по завршување на образованието. Од вкупно 148 ученика 115 ученика одговориле дека ќе имаат подобар живот со продолжување на задолжителното образование. Значи 77,70% одговориле позитивно. Според наше мислење со продолжување на задолжителното образование ќе ги заштитиме учениците од пороците на модерното време (дрога, пушење и др).

**Табела 6: Мислење на учениците, дали со продолжување на задолжителното образование добиваме нови можности.**

| | ПРАШАЊЕ | ОДГОВОР | да | не | Не знам | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали мислите дека со продолжувањето на образованието добиваме нови можности во животот | f | 115 | 19 | 14 | 148 |
| | | % | 77.70 | 12.83 | 9.45 | 100 % |

Ова прашање ќе го претставиме и графички и табеларно.




**Графикон 7**

Паралелно со претходното прашање кое го одговараа учениците ,ќе го анализираме прашањето за наставниците ,односно што наставниците мислат за продолжување на задолжителното образование и европските стандарди .

Од вкупно 67 анкетирани наставници, 38 наставника одговориле потврдно, односно продолжувањето на задолжителното го сметаа за позитивен тренд кои ги следи европските стандарди. Иако процентот кај учениците е поголем кај потврдните одговори сметаме дека наставниците имаат поголемо двоумење од учениците. Околу 20% одговориле не знам, значи не се сигурни во крајната цел на

оваа реформа и даваат отпор. Во секои промени има мала несигурност додека не се оствари крајната цел.

**Табела 7: Мислења на наставниците за приближување до ЕУ стандардите со продолжување на задолжителното образование.**

| | ПРАШАЊЕ | ОДГОВОР | да | не | Не знам | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали со прераснување на средното образование во задолжително ние сме поблиски до ЕУ стандардите | f | 38 | 16 | 13 | 67 |
| | | % | 56.71 | 23.88 | 19.40 | 100 % |

Ова прашање го претставуваме табеларно и графички




Графикон 8

## Начин на воведување на реформите во образованието

Начинот на воведување на реформите се битен дел во секоја промена, затоа во овој дел ќе ги анализираме мислењата на анкетираните субјекти (наставници, родители и ученици).

На следната табела се анализираат мислењата на учениците

**Табела 8: Мислења на учениците за начинот на воведување на реформите во образованието.**

| | ПРАШАЊЕ | ОДГОВОР | а | б | в | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ми се допаѓа начинот на кој се воведуваат реформите во образованието | А)се согласувам Б)не се согласувам В)ниту се согласувам, ниту не се согласувам | 40 | 52 | 56 | 148 |
| | | | 27.02 | 35.13 | 37.93 | 100 % |

Од вкупно анкетирани 148 ученика позитивно одговориле 40 ученика, односно 27,02% што значи дека учениците не се многу задоволни од начинот на воведување на реформите .негативно одговориле 52 ученика или 35,13% значи повеќето се незадоволни и 56 ученика или 37,93% одговориле дека ниту се согласуваат ниту не се согласуваатсо прашањето.Треба сериозно да се размисли зошто учениците вака одговориле и како да се подобрат условите за подобро имплементирање на реформите .

Ова прашање ќе го претставиме и графички за да може правилно да се разбере и претстави.

**Графикон 9: Мислења на учениците за начинот на воведување на реформите во образованието.**



Со анализа на ставовите на наставниците на прашањето –Начинот на имплементирање на задолжителното образование добиваме слични резултати како и учениците .Од вкупно 67 анкетирани наставника позитивно одговориле 15 или 22,38% делумно се согласуваат со начинот на воведување на реформите 32 наставника или 47,76%, 16 наставника не се согласуваат со начинот на воведувањето на реформите, а 4 наставника или 5,97 % одговориле не знам .

Иако околу половина анкетирани наставници одговориле позитивно или барем делумно се согласуваат со начинот на воведување на реформите, сепак мора да се признае дека има незадоволни наставници и ученици. За да се смени мислењето на овие субјекти треба да се поработи на начинот на воведување на реформите, да се согледаат недостатоците и да се сменат .

За да се открие делумното незадоволство на учениците од начинот за воведување на реформите се анализира прашањето за информирањето на учениците за задолжителното образование и тогаш добиваме интересни резултати кои водат кон откривање на причината за незадоволството на учениците .

**Табела 9: Мислење на учениците за нивното информирање за задолжителното образование.**

| | ПРАШАЊЕ | ОДГОВОР | а | б | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мислам дека треба повеќе да сме информирани за задолжителното образование | А)се согласувам | 141 | 7 | | 148 | |
| | | Б)не се согласувам | 95.27 | 4.72 | | 100 % | |

Како што се гледа од табелата од вкупно 148 анкетирани ученика дури 141 ученик одговориле дека треба повеќе да се информирани за задолжителното образование ,а само 7 ученика се задоволни од информирањето на учениците за реформите во задолжителното образование .Овој податок претставува битен

показател за натамошните активности на сите одговорни институции.За да се согледа разликата ова прашање ќе го претставиме и графички.

**Графикон 10: Мислење на учениците за нивното информирање за задолжителното образование.**




Во однос на прашањето- Дали треба да го зачуваме традиционалниот начин на образование имаме различни одговори, значи 67 наставници одговориле вака: 11 или 16,41% одговориле дека сосема се согласиле, 27 или 40,29% делумно се согласиле, 19 или 28,35% делумно не се согласуваат, 9 или 13,43% воопшто не се согласуваат и еден наставник или 1,45% одговорил не знае.

Од ова може да се заклучи дека наставниците имаат различно мислење за традиционалниот начин на образование, значи иако наставниците се за реформи сепак не може така лесно да се одвојат од традиционалниот начин на образование по кој модел работат со години. Мислењето на наставниците е поделено, но претпоставуваме дека кога ќе дојдат резултатите од цел овој сложен процес и мислењата на наставниците драстично ќе се сменат, а и со тек на време ќе се навикнат на новиот начин на образование .

Резултатите од ова прашање го претставуваме графички

**Графикон 11: Мислење на наставниците дали треба да го зачуваме традиционалниот начин на образование .**




Во однос на прашањето - Да се вклучат сите етнички групи во образованието повеќе од половина наставници одговориле позитивно ,односно 36 наставника или 53,73 % .Значи со вклучувањ на етничките групи посебно Ромите ќе имаме пообразовани етнички групи, а со тоа и подобра држава.

За добра прегледност ова прашање ќе го претставиме графички:

**Графикон 12: Мислење на наставниците дали се вклучени сите етички групи во образованието.**



## Потреба за стручно усовршување на наставниците за правилна имплементација на образовните реформи

Во следната табела се анализираат прашањата и ставовите на наставниците за – стручно усовршување на наставниците.

По првото прашање – Наставниците не се усовршуваат по вработување имаме поделени одговори, односно 11 наставника или 16,41% одговориле дека сосема се согласуваат, 17 наставника или 25,35% одговориле делумно се согласуваат, и 16 наставника или 23,88‘ делумно не се согласуваат 22 или 32,83% воопшто не се согласуваат, значи повеќето наставници не се согласуваат дека наставниците не се усовршуваат по вработувањето. Според наше мислење наставниците не доволно се усовршуваат по вработувањето. Се до почетокот на овие реформи наставникот не доволно се усовршувал, бидејќи немало критериуми за напредок во кариерата како денес кои ќе го мотивираат наставникот да се усовршува и да напредува во кариерата . Со реформите сето ова е предвидено и започнува да се реализира. Наставникот треба да се заложува за доживотно учење и тоа да го применува .

За подобро да го разбереме првото прашање истото ќе го претставиме графички

**Графикон13: Ставови на наставниците дали доволно се усовршуваат**



**Табела 10: Мислења на наставниците за нивно стручно усовршување**

| ови на авниците | Сосема се согласувам | | Делумно се согласувам | | Делумно не се согласувам | | Воопшто не се солгас | | Не знам | | Вкупно | | X |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| авниците не се | f | 11 | f | 17 | f | 16 | f | 22 | f | 1 | f | 67 | 2.25 |
| ршуваат по отувањето | % | 16.41 | % | 25.37 | % | 23.88 | % | 1.49 | % | 32.83 | % | 100 | |
| лам дека ако ме реформи а да има | f | 48 | f | 15 | f | 4 | f | / | f | / | f | 67 | 3.65 |
| чна подготвен р | % | 71.64 | % | 22.38 | % | 5.97 | % | / | % | / | % | 100 | |
| лам дека треба да ;име поголем р за да може да | f | 44 | f | 18 | f | 4 | f | 1 | f | / | f | 67 | 3.56 |
| лучар сите наст ивното стручно ршување | % | 65.67 | % | 26.83 | % | 5.97 | % | 1.49 | % | / | % | 100 | |
| ебно с МОН и да изготват ќе | f | 28 | f | 27 | f | 8 | f | 4 | f | / | f | 67 | 3.17 |
| нари | % | 41.79 | % | 40.29 | % | 11.94 | % | 5.97 | % | / | % | 100 | |
| лам дека со дувањето на ијутер за секое , наставниците | f | 18 | f | 35 | f | 8 | f | 6 | | / | f | 67 | 2.97 |
| : доволно мни за изведу- : на таква настава | % | 26.86 | % | 52.23 | % | 11.94 | % | 8.95 | % | / | % | 100 | |

Во следните четири прашања имаме позитивен одговор, односно наставниците се согласиле со тврдењето со над 80% .Тоа значи дека според мислењето на наставниците за успешни реформи е неопходен стручно подготвен кадар и МОН и БРО да изготват повеќе семинари. Ова го согледуваме и преку пресметаната аритметичка средина каде најмногу одговори има кај првиот став – сосема се согласувам. Ваков став имаат 63, односно 48 наставника сосема се согласуваат, 18 делумно се согласуваат од вкупно 67 наставника или 94%.

Наставниците исто така мислат дека МОН треба да изготви повеќе семинари, а се со цел полесна имплементација на реформите, односно од вкупно 67 наставника, 55 мислат позитивно или 82%.

Посебно треба да го анализираме последното прашање - Дали наставниците се спремни да работат со компјутери со децата, поготово сега со компјутер за секое дете. 53 наставника или 78% одговориле дека наставниците не се спремни да работат со компјутери, затоа и бараат повеќе семинари. Ова е и разбирлива појава, бидејќи наставниците со повеќе работен стаж немаат воопшто учено за примена на компјутерите во образованието и воопшто работа со компјутери. Министерството за образование и наука прави се со цел да ги оспособи наставниците за работа и примена на информатичката технологија во наставата .

Ова прашање ќе го претставиме графички:

**Графикон 14: Ставови на наставниците дали се способни да работат со компјутери.**




Од вкупниот број анализирани одговори на прашањето – Дали треба да се продолжи задолжителното образование 103 ученика или 69,59 одговориле позитивно, значи учениците се за продолжување на задолжителното образование (основно + средно), а а помал број се против 17 ученика или 11,48%. 28 или 18,91% одговориле не знаат.Со ова прашање се добива одговор дека учениците и покрај тешкотиите кои се јавуваат во овие промени тие сепак се за

продолжување на задолжителното образование (основно + средно образование ).Затоа и го оставивме ова прашање како последно за анализа и добиените позитивни одговори. Учениците го сфаќаат значењето и важната улога на образованието во нивниот живот.

**Табела 11:** Мислења на учениците дали треба да се продолжи задолжителното образование.

| | ПРАШАЊЕ | ОДГОВОР | да | не | Не знам | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали треба да се продолжи задолжителното образование | f | 103 | 17 | 28 | 148 |
| | | % | 69.59 | 11.48 | 18.91 | 100 % |

**Графикон 15: Мислења на учениците дали треба да се продолжи задолжителното образование.**



## Осврт кон поставените хипотези

Поставените хипотези во ова истражување ни помогнаа при организацијата на истражувањето и обработката на резултатите од истото. Анализата на хипотезите е реализирана врз основа на обработката на одговорите во прашалникот.

**Главната хипотеза**, според која, реформите во задолжителното образование не се остваруваат успешно и има одредени слабости во имплементацијата е делумно прифатена. Ова го заклучуваме од одговорите на наставниците, родителите и учениците. Наставниците и родителите сметаат дека има многу слабости во имплементацијата на реформите, пред се немање доволно простор и технички средства, недоволно организираност и информирање на учениците, наставниците и родителите и сл. Нема доволна соработка со сите важни субјектикако МОН, општините и училиштата. Наставниците сметаат дека, за да имаме успешни реформи треба да има повеќе семинари и обуки на наставникот. Во истражувањето се потврдува дека државата не се подготвила доволно за оваков сериозен процес и процесот е пропратен со одредени слабости.

**Првата хипотеза,** е прифатена, односно повеќе од половина наставници и родители се согласуваат дека има потреба од реформи во задолжителното образование. До овој заклучок дојдовме од резултатите во истражувањето каде со висок процент се истакнуваат потребите од реформи во задолжителното образование. Наставниците, родителите и учениците приоѓаат позитивно на овие реформи и се трудат успешно да се вклопат.

**Втората хипотеза**, според која, наставниците имаат потреба од стручно усовршување за подобра реализација на реформите, се прифаќа. До овој заклучок дојдовме од резултатите во истражувањетокаде со висок процент се истакнува дека има потреба од од стручно усовршување на наставниците .Наставниците истакнуваат дека само иницијалното образование не е доволно за цел работен век, туки треба континуирано повеќе семинари и обуки да се

организираат од страна на Министерството за образование и Бирото за развој на образованието.Посебно се истакнува потребата од обуки по информатичка технологија. Со компјутеризација на наставата се случува некои наставници воопшто да немаат знаење од делот за компјутерите, па затоа за некои од нив се потребни интезивни обуки за информатичко описменување. МОН и БРО доста сериозно се заложуваат за обуки на наставниците за работа со компјутерите и има доволно семинари за обука.

**Третата хипотеза,** според која наставните планови и програми не се целосно подготвени за реформа во задолжителното образование се прифаќа .Наставниците мислат дека плановите не се доволно приспособени за возраста на учениците или се работени набрзина по некој терк, без да се размисли за позитивните и негативните страни на реформи во образовниот процес. Мислам дека постудиозно треба да се работат наставните планови и програми и при изготовка на истите треба да се вклучат повеќе луѓе од практиката со повеќегодишно искуство.

Во однос на **четвртата хипотеза**,според која условите за реформа во задолжителното образование не се на задоволително ниво се прифаќа.До овој заклучок дојдовме од резултатите во истражувањето каде се гледа дека и наставниците и родителите со повеќе од 80% се изјаснуваат дека условите не се на задоволително ниво. Испитаниците не се задоволни од условите и сметаат дека тие во иднина треба да се подобрат. Од истражувањето се покажа дека Министерството и Бирото за развој на образованието треба сериозно да размислат и во иднина да ги подобрат условите. Кога се работел планот за реформи во образованието се размислувало само на поголемите промени, а воопшто не се обрнувало внимание на ситните пропратни работи кои го кочат целиот процес.Тие ситници во практиката значат многу.

**Петата хипотеза**, според која, постојат повеќе причини што ги оневозможуваат или отежнуваат реформите во задолжителното образование е прифатена. Испитаниците мислат дека со реформите во образованието и со тоа компјутеризацијата на наставата (компјутер за секое дете)се отежнува овој процес , бидејќи наставниците не се доволно оспособени или немаат голема желба.

Мислам дека МОН и Бирото за развој на образованието треба да организираат дополнителни обуки за оние наставници кои таа им е потребна. Други причини кои ја отежнуваат реформата во образованието се : условите,начинот и др.

Во однос на **шестата хипотеза,** според која, родителите и учениците не се доволно информирани за потребата од реформи во задолжителното образование и целосно се прифаќа. До овој заклучок дојдовме од резултатите од истражувањето каде дури 95% одговориле дека не се задоволни од информираноста за задолжителното образование. Сето ова упатува на тоа дека одговорните институции треба да преземат соодветни мерки и навремено да се информираат учениците и родителите. Информирањето е важен момент при секоја промена и затоа треба посебно да се разгледа овој проблем. Мислам дека најдобар начин на информирање се медиумите, а и многу други кои треба правилно да се искористат.

Од горе изнесеното заклучуваме дека реформите во задолжителното образование и покрај низата пропусти сепак се реализира во практиката .

# Заклучни согледувања и препораки

Секоја промена во било кое поле бара голем напор и работа за правилно да се имплементира, па така и во образованието. Образовниот систем долги години не бил менуван, односно бил под влијание на претходното општествено уредување и затоа морало нешто да се промени се со цел да бидеме во тек со модерното време кон кое сите заеднички се стремиме .

Од 2003 год започнаа подготовките за реализација на овој сложен процес Реформи во задолжителното образование, а во учебната 2007/2008 и започна и практичната реализација на овој процес со започнување на деветгодишното основно образование. Во учебната 2014/2015 год ќе имаме девет одделенија во основното образование, а до тогаш ќе се дуплираат секогаш по две одделенија додека да завши тој процес.

За успешно да се применат овие реформи треба критички да се разгледаат сите позитивни и негативни страни и правилно да се решат. Многу битна работа во целиот процес е и поврзувањето на градинките и основното училиште, напредување на учениците од одделенска кон предметна настава ,оценување на учениците и сл.

За реализација на целиот овој проект треба да се обезбедат општи стандарди, нови наставни програми адаптирани на реформите и секако да се очекуваат позитивни резултати. Секои промени наоѓаат и отпор кај подржувачите на традиционализмот.

Конкретно во образованието отпор се јавува кај постарите просветни работници, кои мислат дека образовниот систем е во ред и не треба ништо да се менува како во предавањето така и во обука на наставниците. Најчесто тие одбиваат да се доквалификуваат посебно во областа на примена на ИКТ во наставата. Ова претставува вистински проблем кој треба да се реши на патот кон успешни реформи во образовниот систем.

За реализација на образовните реформи потребно е да се утврдат следните три битни индикатори:

• квалитетни услови за реализација на наставата(просторни,технички ,материјални и сл

• квалитетни наставни програми и ефикасно водење на училиштете

• успешен наставник(посета на повеќе обуки -наставник спремен да менува и да се менува се со една цел **ПОДОБРО ОБРАЗОВАНИЕ.**

## V. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Адамчевска С.(1996),Активна настава, Скопје: Легис
2. Ангеловска-Галевска,Н.(1997), Современ третман на квалитативните педагошки истражувања, Докторска дисертација,Скопје: Филозофски факултет
3. Ангелоска-Галевска,Н.(1998),Квалитативни истражувања воспитанието и образованието,Битола: Киро Дандаро
4. Ангелоска-Галевска,Н.(2005),Планирање на научно истражување,интерен материјал,Скопје: Филозофски факултет
5. Адижес,И.(1995),Овладување со промените,Скопје: Детра Центар
6. Bela knjiga o vzoji in izobrazevanju v Republiki Sloveniji,(1995) Ljubljana,
7. Blum, S. B.(1970) Taksonomija ili klasifikacija obrazovnih i odgojnih ciljeva (pr)Beograd
8. Bognar, L. Matijevic, M.(1993):Didaktika.Zagreb: {kolska knjiga,
9. Bognar, L. Matijevic, M.: ( 2002) Didaktika. Zagreb:, {kolska knjiga
10. Bruner, Dz.: (1988) Proces obrazovanje, Zbornik 5: Psihologija u nastavi,Beograd:Savez drustava psihologa S. R. Srbije
11. Велковски,З. (2008), Реформите во предучилишното и основното образование во Република Македонија,Скопје, Педагошки факултет
12. Гоцевски,Т.(2003), Образовен менаџмент, Куманово: Македонска ризница
13. Гоцевски,Т.(2004),Економика на образованието, Куманово: Македонска ризница
14. Дамовска Л.:(2001) Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование.Скопје: Круг
15. Dotran, R.(1962) Individualizovana nastava, Sarajevo:Veselin Masle{a
16. Дамјановски, А.(1993). Индивидуализација на наставата, Скопје: Просветно дело
17. Закон за основното образование. јули (2002)Сл. Весник на Р.М. бр. 52
18. Закон за средното образование. јули (2002) Сл. Весник на Р. М. бр. 52
19. Јанкоски,Д. (1998), Транзиција,менаџмент,образование,Скопје: НИРО

Просветен работник

20. Јовиќ, Б. (2005), Современо училиште-избор или потреба, Скопје: Просветен работник
21. Камберски,К. (1994) Од буквар до универзитет, Скопје : Просветно дело
22. Камберски,К. (2000), Предучилишно и основно образование во Република Македонија, Скопје, Филозофски факултет
23. Кларин, М. В.(1995) Педагошката теорија во наставниот процес. Скопје, Педагошки завод на Македонија
24. Enciklopedijski rjecnik pedagogije. (1963) Zagreb, Matica hrvatska
25. Komenski, J. A.(1967) Velika didaktika, Beograd Zavod za udzbenike,
26. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни документи, (2006), Скопје: Министерство за образование и наука
27. Peasinovic, R.(1972) Nastavnik i individualizacija nastave,Beograd Nastava i vaspitanje, 4
28. Pedagoska enciklopedija, skolska knjiga i dr.(1989), Zagreb
29. Pijaze, Z. i Inhelder, B.: (1986) Intelektualni razvoj deteta,Beograd Zavod za udzbenike i nastavna sredstva
30. Poljak, V. (1982) Kako sticati znanja,Zagreb, Birotehnika
31. Richards, J, C.(2001) Curriculum development in Language teaching, Cambridge University press
32. Spasenovic, V. (1996) Uloga sadrzaja u procesu usvajanja znanja, Beograd Zbornik instituta za pedagoska istrazivanja, br. 28
33. Трајковски И. (1998)и др. Граѓанско образование во Р. М.Скопје, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј",
34..www.bro.gov.mk
35..www.mon.gov.mk
36.www.pep.org.mk
37..www.megasoft.com.mk
38..www.ppg.hr
39..www.eurydice.org

# VI

# ПРИЛОЗИ

## *Прашалник за наставници (родител)*

Со овој анкетен лист сакаме да ги испитаме ставовите и мислењата на наставниците во однос на реформите во задолжителното образование, како една клучна компонента во образовниот систем. Вашите одговори ќе ни помогнат да утврдиме дали е успешно започната реформата во образованието и дали сте задоволни од неа.

Ве молиме внимателно, без брзање и искрено да одговориш на дадените прашања. За пополнување на прашалникот се потребни дваесетина минути.

Прашалникот е анонимен! Вашите искрени одговори ќе придонесат во објективноста на истражувањето.

Благодарам на соработката!

Наставници:
ОУ „____________________“ Место ________________
Пол: м ж
Возраст: 23 - 35 35 - 45 45 - 55 55 - 65
Образование: а) основно; б) средно; в) више
г) високо д) друго

1. Што подразбирате под зборот реформа Реформа во образованието

а)ПРОМЕНИ
б)ПРЕОБРАЗБА
в)ПРЕРАСПРЕДЕЛБА

2. Поради кои причини доаѓа до реформи во образованието

а)

б)

в)

3. Што мислите дали со прераснувањето на средното образование во задолжително ние сме поблиску до Европските стандарди

а)ДА

б)НЕ

в)НЕ ЗНАМ

## I. Какво мислење имате за реформите во образованието?

| **Прочитај и процени** | **Сосема се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Делумно не се согласувам** | **Воопшто не се согласувам** | **Не знам** |
|---|---|---|---|---|---|
| Реформите се потребни во секое поле на дејствување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Реформите во образованието требаше да се спроведат пред пет години | | | | | |
| Задоволен/на сум од почетокот на образовните реформи | | | | | |
| Ми се допаѓа новата прераспределба во основното образование (3+3+3) | | | | | |
| Ми се допаѓа средното образование да биде задолжително | | | | | |

## III Услови за реформи во задолжителното образование

| **Прочитај и процени** | **Сосема се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Делумно не се согласувам** | **Воопшто не се согласувам** | **Не знам** |
|---|---|---|---|---|---|
| МОН треба да обезбеди посебни услови за реформи во задолжителното образование | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Ми се допаѓа начинот на кој се имплементираат реформите во образованието | | | | | |
| Мислам дека треба да го зачуваме традиционалниот начин на образование во оваа земја | | | | | |
| Мислам дека оваа земја има можности да спроведе успешни реформи во образованието | | | | | |
| Мислам дека треба повеќе да се погрижиме сите етнички групи да бидат еднакво вклучени во образованието | | | | | |

## IV Стручно усовршување на наставниците

| Прочитај и процени | Сосема се согласувам | Делумно се согласувам | Делумно не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Наставниците не се усовршуваат по вработувањето | | | | | |
| Мислам дека ако сакаме успешни реформи треба да имаме стручно подготвен кадар | | | | | |
| Мислам дека е потребно да вложиме поголем напор, за да може да се вклучат сите наставници во нивно стручно усовршување | | | | | |
| Потребно е МОН и БРО да изготват повеќе семинари и работници за наставни | | | | | |
| Мислам дека воведување на компјутери за секое дете, наставниците не се доволно спремни за изведување таков вид настава | | | | | |

**V Одбери три најважни (бенефити) користи што ги добива младиот човек со продолжување на задолжителното образование**

1. Поголеми шанси за вработување
2. Подобро управвува со својот секојдневен живот
3. Добива диплома
4. Запознава нови луѓе
5. Мислам дека нема голем бенефит од продолжување на задолжителното образование
6. Станува подобра личност
7. Друго ________________________________

**2. Што мислите како продолжувањето на задолжителното образование влијае на животот воопшто.**

| Многу лошо | Релативно лошо | Без промени | Релативно добро | Многу добро | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

**Зошто мислите така?**

- со подолго образование младите стануваат пообразовани 1
- младите стануваат покултурни 2
- поквалитетно го поминуваат слободното време 3
- не доведува до никакви промени 4
- со задолжително средно обр. само дополнително се оптоварува семејниот буџет 5

- мислам дека човек кој не е заинтересиранза образование по завршување на основно нетреба дополнително да се оптоварува 6
- друго ______________________________ 7

## *Прашалник за ученици*

Со овој анкетен лист сакаме да ги испитаме ставовите и мислењата на учениците во однос на реформите во задолжителното образование, како една клучна компонента во образовниот систем. Твоите одговори ќе ни помогнат да утврдиме дали е успешно започната реформата во образованието и дали сте задоволни од неа.

Ве молиме внимателно, без брзање и искрено да одговориш на дадените прашања. За пополнување на прашалникот се потребни дваесетина минути.

Прашалникот е анонимен! Вашите искрени одговори ќе придонесат во објективноста на истражувањето.

Благодарам на соработката!

**Општи податоци**

**1. Основно училиште** ______________________________

**2. Место** ______________________________

**3. Одделение** ______________________________

**Прашања**

**1. Според ваше мислење дали се потребни реформи (промени) во образованието?**

а) да

б) не

в) не знам

**2. Мислам дека со новиот систем на основно образование (3+3+3) (деветгодишно образование)**

а) добивам подобро образование
б) полошо образование
в) не знам

**3. Дали мислите дека со продолжување на задолжителното образование добивате нови можности во животот?**

а) да
б) не
в) не знам

**4. Дали мислите дека со продолжување на задолжителното образование стануваш подобра личност?**

а) сигурно
б) можеби
в) не знам

**5. Според Ваше мислење, позитивниот однос на училиштето зависи од:**

а) пријатниот однос на наставникот кон ученикот
б) почитување на личноста на ученикот
в) објективноста во оценувањето
г) друго ____________________________________

**6. Ми се допаѓа начинот на кој се воведуваат реформите во образованието.**

а) се согласувам
б) не се согласувам
в) ниту се согласувам ниту не се согласувам

**7. Потребно е да вложиме поголем напор, за да обезбедиме правилно вклучување на сите ученици во задолжителното (средно образование)**

а) се согласувам
б) не се согласувам
в) ниту се согласувам ниту не се согласувам

**8. Според Ваше мислење дали треба да се продолжи задолжителното образование**
**(основно + средно)?**

а) да
в) не
в) не знам

**9. Мислам дека треба повеќе да сме информирани за задолжителното образование (премин од основно кон средно образование)**

а) се согласувам
б) не се согласувам

**10. Според Ваше мислење, задолжително образование е:**

______________________________________________

______________________________________________

## Наставни планови во задолжителното образование во некој европски земји

**Австрија**

| Предмет | Број на часови неделно во секое одд | | | |
|---|---|---|---|---|
| IIIIIIV | | | | |
| Религиско образование | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Локална, историја, географија, биологија | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Германски јазик (читање и пишување ) | 7 | 7 | - | - |
| Германски јазик (читање) | - | - | 7 | 7 |
| Математика | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Мизика | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Цртање | 1 | 1 | - | - |
| Цртање и пишување | - | - | 2 | 2 |
| Ракотворби | 1 | 1 | 2 | 2 |
| Физичко образование | 2 | 2 | 3 | 3 |
| Задолжително практични вежби: | | | | |
| Модерен странски јазик | A | A | 1 | 1 |
| Образование за безбедност на патиштата | B | B | B | B |
| Вкупно неделен фонд на часови: | 21 | 21 | 25 | 25 |

| Предмет | Број на часови неделно во секое одд | | | |
|---|---|---|---|---|
| IIIIIIV | | | | |
| Религиско образование | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Германски јазик | 5 | 4 | 4 | 4 |
| Модерен странски јазик | 4 | 4 | 3 | 3 |
| Историја, општествени науки | - | 2 | 2 | 2 |
| Географија и економија | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Математика | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Географија | - | - | 1 | 1.5 |
| Биологија,образовние за редината | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Физика и Хемија | - | 2 | 2 | 4 |
| Музика | 2 | 2 | 2 | 1 |
| Цртање, пишување | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Основни технички работи | 2 | 2 | 1.5 | 2 |
| Текстилна работа | 2 | 2 | 1.5 | 2 |
| Исхрана и домаќинство | - | - | 1.5 | 1.5 |
| Физичко образование | 4 | 4 | 3 | 3 |
| Вкупно неделен фонд на часови: | 29 | 32 | 32 | 34 |

| Предмет | Број на часови неделно во секое одд | | | |
|---|---|---|---|---|
| IIIIIIV | | | | |
| Религиско образование | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Германски јазик | 5 | 4 | 4 | 4 |
| Модерен странски јазик | 4 | 4 | 3 | 3 |
| Литературен јазик | - | - | 4 | 5 |
| Историја, општествени науки | - | 2 | 2 | 2 |
| Феографија и економија | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Математика | 4 | 4 | 3 | 3 |
| Биологија, образование за средината | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Хемија | - | - | - | 2 |
| Физика | - | 2 | 2 | 2 |
| Музика | 2 | 2 | 2 | - |
| Уметност | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Ракотворби | 2 | 2 | - | - |
| Физичко образование | 4 | 4 | 4 | 3 |
| Вкупно неделен фонд на часови: | 29 | 34 | 32 | 32 |

**- Германија**

| Предмет | Број на часови неделно во секое одд | | | |
|---|---|---|---|---|
| IIIIIIV | | | | |
| Религиско образование | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Германски јазик | 6 | 6 | 7 | 7 |
| За татковината и светот | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Странски јазици (француски или англиски) | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Математика | 4 | 5 | 5 | 5 |
| Фини уметности/текстилна работа | 1 | 2 | 3 | 3 |
| Музика | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Спорт | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Вкупно неделен фонд на часови: | 22 | 24 | 26 | 26 |
| Подршка од наставниците | 2 | 2 | 3 | 3 |

| Предмет | Број на часови неделно во секое одд | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| VVIVIIVIIIX X | | | | | | |
| Религија/етика | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 |
| Германски јазик | 5 | 4 | 4 | 3 | 3 | 4 |
| Географија | 2 | 2 | 2 | - | - | 1 |
| Историја | - | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 |
| Општествени науки | - | - | - | - | 2 | 2 |
| Прв странски јазик | 5 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 |
| Втор странски јазик | - | 4 | 5 | 4 | 4 | 3 |
| Математика | 4 | 3 | 5 | 4 | 4 | 4 |
| Природни појави | 1 | 1 | - | - | - | - |
| Физика | - | - | 2 | 2 | 2 | 3 |
| Хемија | - | - | - | 3 | 2 | 2 |
| Биологија | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 |
| Практичен курс од природни науки | - | - | - | 1 | 1 | 1 |
| Спорт | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 |
| Музика | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Фини уметности | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | - |

- **Грција**

| Предмет | Број на часови неделно во секое одд | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| IIIIIIVVVI | | | | | | |
| Религија | - | - | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Грчки јазик | 9 | 9 | 9 | 9 | 8 | 8 |
| Математика | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Историја | - | - | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Наука за средината (вклучува религија во I и II одд) | 5 | 5 | 4 | 4 | - | - |
| Географија | - | - | - | - | 2 | 2 |
| Природни науки | - | - | - | - | 3 | 3 |
| Општествени науки и граѓанско општество | - | - | - | - | 1 | 1 |
| Естетско образование (драма, музика, уметност) | 4 | 4 | 3 | 3 | 2 | 2 |
| Физичко образование | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Англиски јазик | - | - | - | 3 | 3 | 3 |
| Училиштен живот | 1 | 1 | - | - | - | - |
| Вкупно неделен фонд на часови: | 29 | 30 | 32 | 30 | 31 | 31 |

| Предмет | Број на часови неделно во секое | | одд |
|---|---|---|---|
| IIIII | | | |
| Религија | 2 | 2 | 2 |
| Античка хеленска литература | 4 | 4 | 4 |
| Модерен грчки јазик и литература | 5 | 4 | 4 |
| Историја | 2 | 2 | 3 |
| Политичко и општествено образование | - | - | 2 |
| Странски јазик (англиски,франц, или германски) | 6 | 5 | 5 |
| Математика | 4 | 4 | 4 |
| Физика, Хемија | - | 3 | 3 |
| Компјутери, технологија | 2 | 2 | 1 |
| Географија | 2 | 2 | - |
| Биологија I | 2 | - | - |
| Биологија II | - | - | 2 |
| Училиштен водич за струки | - | - | 1 |
| Физичко образование | 3 | 3 | 2 |
| Естетско образование (драма,музика,уметност) | 2 | 2 | 2 |
| Домаќинство | 1 | 2 | - |

**- Шведска**

| **Предмет/група предмет** | **вкупен број на часови по одд. I до IX одд.** |
|---|---|
| Шведски јазик | 1,490 |
| Англиски јазик | 480 |
| Математика | 900 |
| Уметност | 230 |
| Домаќинство и економија на потрошувачи | 118 |
| Физичко и здравствено образование | 500 |
| Музика | 230 |
| Работа со текстил,дрво и метал | 330 |
| **Општествени науки** | |
| Географија, историја, религиозно образование, и граѓанско образование | |
| (може да бидат изучувани како одделни предмети или комбинирано) | 885 |
| **Природни науки:** | |
| Биологија, хемија, физика и технологија | |
| (моѓже да бидат изучувани како одделни предмети или комбинирано) | 800 |
| **Изборни предмети - јазик** | |
| Избор на ученикот (изборен предмет) | 382 |
| **Вкупно гарантиран минимум на часови** | **6,665** |
| 600 | |

**- Шведска**

| **Предмет/група предмет** | **вкупен број на часови по одд. I до IX одд.** |
|---|---|
| Шведски јазик | 1,490 |
| Англиски јазик | 480 |
| Математика | 900 |
| Уметност | 230 |
| Домаќинство и економија на потрошувачи | 118 |
| Физичко и здравствено образование | 500 |
| Музика | 230 |
| Работа со текстил,дрво и метал | 330 |
| **Општествени науки** | |
| Географија, историја, религиозно образование, и граѓанско образование (може да бидат изучувани како одделни предмети или комбинирано) | 885 |
| **Природни науки:** | |
| Биологија, хемија, физика и технологија (моѓже да бидат изучувани како одделни предмети или комбинирано) | 800 |
| **Изборни предмети - јазик** | |
| Избор на ученикот (изборен предмет) | 382 |
| **Вкупно гарантиран минимум на часови** | **6,665** |
| 600 | |

**- Словенија**

а) Задолжителен дел

| предмети/неделен број на часови | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Словенски јазик | 6 | 7 | 7 | 5 | 5 | 5 | 4 | 3,5 | 3,5 |
| Математика | 4 | 4 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Странски јазик | | | | 2 | 3 | 4 | 4 | 3 | 3 |
| Ликовно образование | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Музичко образование | 2 | 2 | 2 | 1,5 | 1,5 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Општество | | | | 2 | 3 | | | | |
| Географија | | | | | | 1 | 2 | 1,5 | 2 |
| Историја | | | | | | 1 | 2 | 2 | 2 |
| Граѓанско образование и етика | | | | | | | 1 | 1 | |
| Запознавање на околината | 3 | 3 | 3 | | | | | | |
| Физика | | | | | | | | 2 | 2 |
| Хемија | | | | | | | | 2 | 2 |
| Биологија | | | | | | | | 1,5 | 2 |
| Природа | | | | | | 2 | 3 | | |
| Природа и техника | | | | 3 | 3 | | | | |
| Техника и технологија | | | | | | 2 | 1 | 1 | |
| Домаќинство | | | | | 1 | 1,5 | | | |
| Спорт | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 |
| предмет1 | | | | | | | 2/1 | 2/1 | 2/1 |
| предмет 2 | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| предмет 3 | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| Одделенски час (одд, заедница) | | | 0,5 | 0,5 | 0,5 | 0,5 | 0.5 | 0.5 | |
| Број на предмети | 6 | 6 | 6 | 8 | 9 | 11 | 14 | 16 | 14 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Неделен бро ј на часови | 20 | 21 | 22 | 24 | 26 | 26 | 29,5 | 30 | 30 |
| Број на неделни поуки | 35 | 35 | 35 | 35 | 35 | 35 | 35 | 35 | 32 |
| | | | | | | | | | |
| Денови за култура | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Денови за природа | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Технички денови | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Спортски денови | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| | | | | | | | | | |
| Број на неделни активности | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| | | | | | | | | | |
| б) проширен план | | | | | | | | | |
| Индивидуална и заедничка помош на учениците со проблеми во учењето | 0,5 | 0,5 | 0,5 | 0,5 | 0,5 | 0,5 | 0,5 | 0,5 | 0,5 |
| Дополнителна и додатна настава | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Општествена активност | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| | | | | | | | | | |
| Настава во природа | | | | | | | | | |

**- Италија**

| **Предмет** | **Број на часови неделно во секое одд** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| IIIIIIV V | | | | | |
| Италијански јазик | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| Странски јазик | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 |
| Природни науки | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Историја, географија. општествени науки | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Математика | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| Религија | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Уметничко образование | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Музичко образование | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Физичко образование | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **Вкупен неделен фонд** | **28** | **28** | **30** | **30** | **30** |
| | | | | | |
| Ниже средно образование | | | | | |
| **Предмет** | **Број на часови неделно во секое одд** | | | | |

**Хрватска**

| **предмети.неделен број на часови** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Хрватски јазик | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 |
| 2. Ликовна култура | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 3. Музичка култура | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 4. Странски јазик | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 5. Математика | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 6. Природа | | | | | 1,5 | 2 | | |
| 7. Биологија | | | | | | | 2 | 2 |
| 8. Хемија | | | | | | | 2 | 2 |
| 9. Физика | | | | | | | 2 | 2 |
| 10.Природа и општество | 2 | 2 | 2 | 3 | | | | |
| 11. Историја | | | | | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 12. Географија | | | | | 1,5 | 2 | 2 | 2 |
| 13. Техничка култура | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 14. Физичка и здравствена култура | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **Вкупно часови за задолжителни предмети** (редовна настава) | 18 | 18 | 18 | 18 | 22 | 23 | 26 | 26 |
| **Изборни предмети** | | | | | | | | |
| 15. Веронаука | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 16..Странски јазик | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 17. Останати изборни предмети | | | | | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **Вкупно часови за изборни предмети** (изборна настава) | 2 | 2 | 2 | 4 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| Посебни програми за класични јазици | | | | | | | | |
| 18. Латински јазик | | | | | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 19. Грчки јазик | | | | | | | 3 | 3 |
| **Вкупно посебни програми** | | | | | **3** | **3** | **6** | **6** |
| **Други облици на непосредно воспитно-образовна работа** | | | | | | | | |
| 20. Дополнителна настава и додатна настава | 1+1 | 1+1 | 1+1 | 1+1 | 1+1 | 1+1 | 1+1 | 1+1 |
| 21. Воннаставна активност | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 22. Одделенски час | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |

**- Франција**

| | Минимум | Максимум |
|---|---|---|
| Француски јазик | 9ч. | 10ч. |
| Заеднички живот (Да се живее заедно) | 30 мин. | |
| Математика | 5ч. | 5хмин. |
| Откривање на светот | 3ч. | 3ч и 30 мин |
| Странски јазик или религионален јазик | 1ч. | 2ч. |
| Уметничко образование | 3ч. | 3ч. |
| Физичко и здравствено образование | 3ч. | 3ч. |
| **Вкупно неделен број на часови** | **26ч.** | |

| | Минимум | Максимум |
|---|---|---|
| Француски јазик. Литература и општествени науки | | |
| Литература (зборување, читање и пишување) | 4ч. 30мин | 5ч.30мин |
| Француски јазик (гранматика, правопис, вокаб.) | 1ч.30мин | 2ч. |
| Странски јазик илирегионален јазик | 1ч.30мин | 2ч |
| Историја и географија | 3ч. | 3ч.30мин |
| Заеднички живот | 30мин | 30мин |
| **Вкупно** | **12ч.** | **12ч.** |
| Природни науки | | |
| Математика | 5ч. | 5ч.30мин |
| Есприментална наука и технологија | 2ч.30мин | 3ч. |
| **Вкупно8ч.** **8ч.** | | |
| Уметничко образование (музичко, визуелни уметн) | 3ч. | 3ч. |
| Физичко и здравствено образование | 3ч. | 3ч. |
| **Вкупно неделен фонд на часови** | **26ч.** | |

Граѓанско образование 1ч.

Задолжителното образование започнува на петгодишна возраст во Англија, Велс и Шкотска, а на четири во Северна Ирска Има малку или воопшто нема одделени наставни предмети во раните години. На седум години децата се префрлаат во училишта за мали деца. Префрлањето во средно училиште е на 11 годишна возраст.

Националниот курикулум определува 4 клучни подрачја и десет предмети:

- период 1: до 7 години;
- период 2: од 7 до 11 години;
- период 3: од 11 - 14 години;
- период 4: од 14-16 години;

Клучните периоди 1 и 2 припаѓаат на првата фаза. Периодите од 3 и 4 сочинуваат втора фаза. Во Англија има триклучни предмети: англиски јазик, математика и наука. Исто така има седум други главни предмети: технологија (дизајн и информатичка технологија), историја, географија, музика, уметност, физичко образование и странски јазик.

| | **Прв период** | | **Втор период** | |
|---|---|---|---|---|
| **Предмети** | **период1** | **период2** | **период3** | **период4** |
| Англиски јазик | **** | | | |
| Математика | ***** | | | |
| Природни науки | **** | | | |
| Дизајн и технологија | ***** | | | |
| ИТ | **** | | | |
| Историја | *** | | | |
| Географија | *** | | | |
| Странски јазик | | | *** | |
| Уметност и дизајн | *** | | | |
| Музика | *** | | | |
| Физичко образование | ***** | | | |
| Граѓанско/ државно образование | | | ****** | |

## Преглед *Искуства од стручното усовршување на наставниците во некои земји во ЕУ*

| Земја | Иницијатор и начин на организирање на усовршувањето | Усовршувањето го спроведува | Задолжителност на следење на усовршувањето |
|---|---|---|---|
| **Австрија** | Федералното министерство<br><br>Регионалните училишни власти<br><br>Училиштата | Регионални центри за стручно усовршување на наставниците | Не постои (освен кога се воведуваат новини) |
| **Белгија** | Централната администрација | Центри за стручно усовршување<br><br>Високи педагошки училишта<br><br>Универзитетот | Не постои ( наставникот има право на 10 дена усовршување |
| **Данска** | Кралска школа за образование на наставници<br>Министерство за образование<br>Центри за обука | Данска кралска школа<br><br>Специјализирани институции | Не постои |
| **Финска** | Национален одбор за образование<br>Општините<br>Училишните управни тела | Училишни управни тела<br>Државни центри за обука<br>Универзитети | По избор (најмалку 3 до 5 дена) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Франција** | Министерство за образование<br>Ректоратот | Универзитетски институции за образование<br>Академска инспекција<br>Понудувачи на обуки | Не постои ,освен за програми на министерството |
| **Ирска** | Министерство за образование | Посебни средишни служби<br>Образовни центри<br>Образовни партнери | Постои за добивање на повисоки квалификации |
| **Италија** | Министерство за образование<br>Испитниот центар | Разни понудувачи на услуги | Не постои |
| **Холандија** | Министерството за образование<br><br>Училишни одбори | Учителска висока школа<br>Универзитети<br>Други институции и експерти | Не постои |
| **Германија** | Министерствата на одделните држави<br><br>Центри за обука | Центри за обука<br>Недржавни институции<br>Универзитети | Не постои |
| **Луксембург** | Оддел за координација истражување и технички иновации | Институт за образовни истражувања<br>Универзитети | Не постои |
| **Шведска** | Општините<br>Национална агенција за образование | Локални центри за обука на наставници<br>Универзитети<br>Други установи | По избор (најмалку 5 дена) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Велс и Англија** | Министерството за образование<br>Локални училишни власти<br>Училишни одбори, директори и наставници | Високообразовни институции<br>Универзитети<br>Училишта<br>Други понудувачи на услуги | По избор (надвор од настават 3 до 5 дена) |
| **Шпанија** | Образовната администрација<br>Центри за наставници | Центри за обука<br>Институции за високо образование<br>Приватни институции<br>Здруженија | Постои (за напредување и зголемување на платата) |
| **Шкотска** | Шкотска упраза во министерството за образование<br>Локалните власти и училиштата | Високообразовни институции<br>Локални центри за обука на наставници | Постои (5 дена по 50 часа годишно) |

Од табелата можеме да заклучиме дека се поголем број земји преминуваат од моделот на традиционално централизирано стручно усовршување кон децентрализиран модел според кој секоја локална заедница и училиште подготвува свои годишни планови за стручно усовршување и бара од понудувачите на услуги да нудат свои програми.